АНА НИКОДИНОВСКА КРСТЕВСКА

ЕВРОПСКА УНИЈА, МИГРАЦИИ, АЗИЛ



Штип, 2024

АНА НИКОДИНОВСКА КРСТЕВСКА

ЕВРОПСКА УНИЈА, МИГРАЦИИ, АЗИЛ

Штип, 2024

Издавач:
Печатница „2-ри Август“

Уредник:
Пецев Аристид

Техничка подготовка:
Ана Никодиновска Крстевска

Печати:
Печатница „2-ри Август“
Тираж:
100

CIP – Каталогиација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

314.15:341.171 (4-672ЕУ)(045)
341.43:341.171(4-672)(045)
314.15.045(497.7)“2015/2016“(045)
314.15.3-054.73(497.7)“2015/2016(045)

НИКОДИНОВСКА Крстевска, Ана

Европска унија, миграции, азил / Ана Никодиновска Крстевска. – Штип : 2-ри Август, 2024. – 217 стр.; 25 см

Фусноти кон текстот. – Библиографија кон трудовите

ISBN 978-608-4879-88-6

а) Европска Унија – Политики – Миграции и азил – Статии б) Мигрантска
Криза – Македонија – 2015-2016 – Статии
COBIS.MK-ID 63801605

ПРЕДГОВОР

Публикацијата *Европска Унија, миграции, азил* претставува збирка од академски трудови од областа на Европската Унија и европските политики и право во делот на миграцијата и азилот. Оваа тематика, особено актуелна по миграциската криза од 2015 година, допира до прашања коишто се дел од супранационалните политики на Европската Унија. Тоа се прашања кои ги засегаат не само миграциите и азилот, туку и Шенгенскиот единствен простор и управувањето со надворешните граници, обезбедувањето на внатрешната безбедност на Унијата, есктернализацијата на политиките за миграции и азил, примената на меѓународните норми за човекови права во делот на бегалското право, како и концептот на солидарност меѓу земјите членки во нивните заеднички политики за азил и миграција, и друго. Трудовите содржани во оваа збрика претставуваат резултат од повеќегодишни истражувања во областа на Европската Унија и европските политики и право за миграција и азил. Поголемиот дел од овие трудови беа остварени преку различни меѓународни проекти од Еразмус + програмите, но и други проекти преку кои, Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, самостојно како и во соработка со други универзитети, оствари многубројни активности во насока на унапредување на познавањата за европските политики за миграции и азил во целост, но и на истражување на македонското право во делот на миграциските права и правото на азил и нивната хармонизација со европското право.

Оттука проникнува и идејата за оваа публикација, со цел да се систематизираат дел од веќе објавените рецензирани трудови и да се соберат во еден прирачник, кој ќе им послужи на студените и на други истражувачи да се запознаат со оваа проблематика и за кој се надеваме дека ќе побуди интерес за нови истражувања во ова поле. Конкретно, публикацијата содржи вкупно 12 труда, од кои 7 се напишани од авторот на книгата, и други 5 труда напишани во коавторство со други автори.

Во првиот труд насловен *Ексетрнализација на безбедноста на Европската Унија надвор од границите на ЕУ: мит или реалност?*, се говори за безбедносните пристапи односно за внатрешно-надворешната врска меѓу миграциите и тероризмот како безбедносни закани што ја засегнаа Унијата во 2015 годината. Во истражувањето се става акцент на повеќедимензионалниот пристап што Унијата го зазема во напорите да се

справи со овие безбедносни ризици преку азилот, миграцијата, трговијата, соработката, политиката за проширување и слично.

Во трудот *Legislazione nazionale, integrazione europea e cooperazione internazionale e regionale in materia di asilo e migrazione nella Macedonia del Nord* (Национално законодавство, европска интеграција и меѓународна и регионална соработка во материја на азил и миграција во Северна Маекдонија), се разгледуваат пристапот на македонската држава во справување во мигрантската криза од 2015/2016, и тоа низ призмата на националното закондавство земајќи ги предвид измените што следеа на Законот за азил и меѓународна заштита, но и низ призмата на регионалната и меѓународна соработка и процесот на европска интеграција.

Во контекст на мигрантската криза и нелегалната миграција, во трудот *Нелегалната миграција, Република Македонија и Европската Унија: неколку опсервации за Договорот за реадмисија*, се обработуваат договорите за реадмисија што Унијата ги склучува со трети земји за да го регулира враќањето на нерегуларните мигранти во земјите на потекло или во транзитните земји. Конкретно, вниманието се посветува на Договорот за реадмисија меѓу Република Македонија и Европската Унија, при што се даваат одредени опсервации за начинот на имплементација на договорот, за неговите недостатоци и се даваат одредени претпоставки за причините на истите.

Во трудот насловен *Солидарност и екстернализација на безбедноста во Европската политика за миграција и азил: можен двоен концепт*?, се опишува системскиот колапс на европската политика за миграција и азил, што беше предизвикан од мигрантската криза во 2015 г. и којшто остави голема поделба меѓу земјите членки на ЕУ. Во трудот се разгледува принципот на солидарност на Европската Унија, виден низ неговата внатрешна и надворешна димнезија, и можното совпаѓање на надворешната димензија на солидарноста со екстернализацијата на безбедноста во политиката за азил и миграција на Европската Унија.

Насочувајќи се кон човековата димензија на миграциите, трудот *Il ruolo degli attori non statali nella Macedonia del Nord nella promozione della sicurezza umana durante la crisi migratoria del 2015/2016* (Улогата на недржавните актери во Северна Македонија за промоција на човечката безбедност за време на мигрантската криза од 2015/2016), ја истражува

улогата на невладините актери во промоцијата на човечката безбедност на мигрантите во поморските простори, во контекст на нелегалната миграција во Европа и во Северна Македонија. Конкретно, се опишува улогата на невладините организации во Северна Македонија и нивниот активизам за измена и дополнување на Законот за азил и привремена заштита, како и нивното укажување на незаконско лишување од слобода на мигранти и бегалци во Прифатниот центар за странци „Гази Баба“ во Скопје.

Во трудот *Некои размислувања за солидарноста во Европската Унија за време на мигрантската криза од 2015 година*, се говори за кризата на солидарност што се креираше помеѓу земјите членки на Европската Унија, а која настана како резултат од мигрантската криза во 2015 г., и во контекст на тоа, се претставуваат одредени мислења за солидарноста и за правичната поделба на одговорности во рамките на Европската Унија за време на мигрантската криза.

Следствено на тоа, трудот *Gli Accordi di riammissione tra l'Unione Europea e i paesi Balcanici: più di quanto non sembri!* (Договори за реадмисија меѓу Европската Унија и Балканските земји: повеќе отколку што изгледа!), ги разгледува договорите за реадмисија меѓу Европската Унија и трети земји, и ги истражува правните обврски за договорните страни и нивната имплементација, проблематизирајќи ја целисходноста на истите во смисла дали и колку овие договори за реадмисија навистина ги решаваат проблемите со миграцијата и дали навистина пружаат вистинска поддршка на третите земји - потписнички на договорот.

Во вториот дел од публикацијата каде се опфатени трудови објавени во ко-авторство, имено, станува збор за трудови што произлегуваат од заеднички истражувања спроведени со колешки од Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, и тоа со Олга Кошевалиска, со Борка Тушевска Гавриловиќ и со Елена Максимова, со кои, во текот на годините создадовме една истражувачка група посветена на миграциите и азилот, во рамките на која секоја од нас истражуваше и се специјализираше за специфични прашања, кои подоцна прераснаа во заеднички трудови и публикации.

Во трудот *Migration crisis : Macedonia at Crossroads* (Миграциска криза: Македонија на крстопат), напишан во коавторсто на Олга Кошевалиска, на Борка Тушевска Гавриловиќ и на Ана Никодиновска

Крстевска, се говори за мигрантската криза од 2015 и за улогата на Македонија во справување со кризата. Конкретно, се разгледува правото на влез или правото на транзит на нелегални мигранти низ Република Македонија, недостатоците на македонскиот систем во справување со мигрантската криза, но и обидите на државата да ги надмине овие недостатоци преку воведување на институтот 'интенција за барање на азил'.

Во ракописот *Migration and Asylum Policy System: the case of Republic of Macedonia* (Системи на политики за миграција и азил: случајот на Република Северна Македонија), се опишува македонскиот систем на политики за миграции и азил, притоа укажувајќи на празнините кои се појавија во истиот со мигрантската криза од 2015 година, и на последователните правни акти кои се усвоија во насока на надминување на овие празнини и на усогласување со правото на Европската Унија во делот на азилот и на политиките за миграција.

Трудот *Structured solidarity of the European Union towards illegal migration challenges in North Macedonia (*Структурна солидарност на Европската Унија кон предизвиците од нелегалната миграција во Северна Македонија), објавен во коавторство на Олга Кошевалиска, на Ана Никодиновска Крстевска и на Елена Максимова, се осврнува на концептот на солидарност на Европската Унија во политиката за азил, опишан низ призмата на основачките договори на Европската Унија, но и на различните пристапи што Европската Унија ги усвои кон Македонија како одговор на мигрантската криза.

Во трудот *Виктимизација на мигрантите и бегалците во Република Северна Македонија во кривични дела, со посебен акцент на трговијата со луѓе и криумчарењето мигранти*, напишан во коавторство на Елена Максимова, на Олга Кошевалиска и на Ана Никодиновска Крстевска, се говори за мигрантите и бегалците кои поминаа низ Македонија како дел од мешаните миграциски текови, и освен тоа, се обработува и се дискутира нивната виктимизација и опасност од регрутирање во трговија со луѓе и криумчарење на мигранти.

На крај, трудот *Antimigration rhetoric and xenophobia towards migrants in North Macedonia* (Антимиграциска реторика и ксенофобија кон мигрантите во Северна Македонија), во коавторство на Олга Кошевалиска, на Ана Никодиновска Крстевска и на Елена Максимова, ги истражува феномените на антимиграциска реторика и ксенофобија кои беа забележани во новинарството и во политичката реторика во Северна Македонија за време на миграциската криза од 2015, но и за време на

Украинската криза, а кои пак со текот на годините прераснаа и во кривични дела од омраза кон мигранти и бегалци.

Овие ракописи се веќе објавени во различни списанија и публикации, а податоците за нивното претходно објавување се поместени во библиографските белешки на крајот од книгата.

Конечно, оваа публикација ќе претставува една систематизирана збирка на ракописи, која ќе послужи за унапредување на знаењата поврзани со Европската Унија и европското право во делот на миграции и азил и, се разбира, ќе послужи за отворање на нови прашања и проблематики врзани со македонското право и неговата адаптација и хармонизација со европското право.

Пријатно читање!

СОДРЖИНА

ПРЕДГОВОР

..... 5

СОДРЖИНА

..... 7

ТРУДОВИ ОБЈАВЕНИ САМОСТОЈНО

Никодиновска Крстевска Ана, *Екстернализација на безбедноста на Европската унија надвор од границите на ЕУ: мит или реалност ?*

..... 11

Nikodinovska Krstevska Ana, *Legislazione nazionale, integrazione europea e cooperazione internazionale e regionale in materia di asilo e migrazione nella Macedonia del Nord*

..... 27

Никодиновска Крстевска Ана, *Нелегалната миграција, Република Македонија и Европската Унија, неколку опсервации за договорот за реадмисија*

..... 43

Никодиновска Крстевска Ана, *Солидарност и екстернализација на безбедноста во Европската политика за миграција и азил. Можен двоен концепт ?*

..... 59

Nikodinovska Krstevska Ana, *Il ruolo degli attori non statali nella Macedonia del Nord nella promozione della sicurezza umana durante la crisi migratoria del 2015/2016*

..... 73

Никодиновска Крстевска Ана, *Некои размислувања за солидарноста во Европската Унија за време на мигрантската криза од 2015 година*

..... 85

Nikodinovska Krstevska Ana, *Gli accordi di riammissione tra l'Unione Europea e i paesi Balcanici: più di quanto sembri !*

..... 95

ТРУДОВИ ОБЈАВЕНИ ВО КОАВТОРСТВО

Koševaliska Olga, Tuševska Gavrilovikj Borka, Nikodinovska Krstevska Ana, *Migration crisis: Macedonia at crossroads* 111

Koševaliska Olga, Nikodinovska Krstevska Ana, *Migration and Asylum Policy System: the case of Republic of Macedonia* 127

Koševaliska Olga, Nikodinovska Krstevska Ana, Ivanova Elena, *'Structured' Solidarity of the European Union for Illegal Migration Challenges in North Macedonia* 147

Кошевалиска Олга, Иванова Елена, Никодиновска Крстевска Ана, *Виктимизација на мигрантите и бегалците во Република Северна Македонија во кривични дела, со посебен акцент на трговијата со луѓе и криумчарењето мигранти* 163

Koševaliska Olga, Nikodinovska Krstevska Ana, Ivanova Elena, *Anti-migration rhetoric and xhenophobia towards migrants in North Macedonia* 191

Библиографска белешка за трудовите објавени самостојно 215

Библиографска белешка за трудовите објавени во коавторство 216

Белешка за авторот 218

ТРУДОВИ ОБЈАВЕНИ САМОСТОЈНО

НИКОДИНОВСКА КРСТЕВСКА АНА

ЕКСТЕРНАЛИЗАЦИЈА НА БЕЗБЕДНОСТА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА НАДВОР ОД ГРАНИЦИТЕ НА ЕУ: МИТ ИЛИ РЕАЛНОСТ?

Апстракт: Во серијата на терористички напади што се случија во Европските градови во последните години, беше докажано дека постои директна врска помеѓу напаѓачите и миграциската криза, во однос на тоа дека напаѓачите не биле граѓани на ЕУ, туку бегалци коишто нерегуларно влегле на територијата на ЕУ преку миграцискиот бран. Како резултат на тоа, овие две закани за внатрешната и надворешната безбедност на Унијата беа восприемени како нешто повеќе од една обична врска, односно како закани кои се меѓусебно поврзани и се надополнуваат една со друга. Оттука, справувањето со овие закани не претставува единствено безбедносно и одбранбено прашање, туку има повеќедимензионален пристап и засега една плејада на прашања коишто влегуваат во рамките на различните европски политики како што се азилот и миграцијата, трговијата и соработката, политиката за проширување и други. Земајќи го предвид ова, трудот ќе има за цел да ги истражи безбедносните пристапи на Европската Унија кон овие закани и да утврди како Европската Унија се справува со нив.

Клучни зборови: *екстернализација на безбедноста на ЕУ, меки инструменти и инструменти на тврда моќ, миграциска криза, источно-медитеранска и централно-медитеранска рута*

NIKODINOVSKA KRSTEVSKA ANA

EXTERNALIZATION OF EUROPEAN UNION'S SECURITY OUT OF EU BORDERS: A MYTH OR REALITY ?

Abstract: In the series of terrorist attacks that happened in European cities in the past couple of years, it was proven that there was a direct link between the attackers and the migration crisis, in the point that the attackers were not EU citizens but were refugees that have entered regularly EU borders with the migration flow. Consequently, these two threats were conceived not only as a nexus, but as a continuum between the internal and external security of the EU. Thus, tackling such threats is not purely a security and defense matter, but it is rather multidimensional and refers to a variety of issues that fall within the scope of different EU policies like asylum and migration, trade and cooperation, enlargement policy and other. Having in mind this, the paper will try to analyze the EU security approach towards these two threats and to determine how the EU tackles these security issues.

Key words: *externalization of EU security, soft and hard power instruments, migration crisis, Eastern Mediterranean route and Central Mediterranean route*

Вовед

Во серијата на терористички напади што се случија во определени европки градови во последните години,[1] се јави сомнеж за постоење на директна врска помеѓу терористичките напаѓачи и миграциската криза, во смисла што имаше наоди дека напаѓачите во суштина не биле граѓани на Европската Унија, туку биле бегалци коишто влегле во Унијата по нерегуларен пат за време на миграциското наплив во 2015 г.[2] Како последица на тоа, тероризмот и миграциските движења почнаа да се восприемаат како две закани кои се непосредно поврзани, односно се сметаа за закани во рамките на внатрешно-надворешниот континуум на европската безбедност[3]. Врз основа на тоа, Европската Унија дефинираше три важни приоритети кои си ги постави за да се справи со овие безбедносни закани, и тоа: борба против тероризмот и борба против терористичките групи, 2. Борба против причините за тероризмот и радикализацијата и 3. Зацврстување на контролите на надворешните европски граници. Оттука, справувањето со овие закани освен што беше третирано како безбедносно и одбранбено прашање, врз основа на ситуацијата, тоа почна да се разгледува и од аспект на повеќедимензионалниот опсег на надворешни политики и инструменти на Унијата како азилот и политиките за миграција, трговијата, развојот и соработката, проширувањето и други, кои традиционално како политики беа асоцирани во рамките на нормативните теории на меѓународните односи и на анализата на надворешна политика. Со комбинирањето на овие два вида на политики, Европската Унија се обидува во суштина да ги екстернализира сопствените безбедносни грижи и да ја проектира својата безбедност надвор од своите граници.

Тргнувајќи од тоа, целта на овој труд е да се анализира оваа нова надворешна политика и безбедносен пристап на Европската Унија, коишто отсткокнуваат од традиционалниот начин на водење

[1] Како на пример, Барселона (август 2017), Лондон (јуни и март 2017), Манчестер (мај 2017), Париз (април 2017) Стокхолм (април 2017), Берлин (јули и декември 2016), Ница (јули 2016), Брисел (март 2016), Париз (јануари и ноември 2016) и други.

[2] На пример, сиријскиот бегалец Ахманд ал Мухамад кој се сметаше за одговорен на Париските напади во ноември 2015, според француските власти, тој влегол во Европската унија преку гречката граница во октомври истата година. Види на:

http://edition.cnn.com/2015/11/15/europe/paris-attacks-passports/index.html

[3] Federica Mogherini, Redefining EU's Security Agenda, World Economic Forum, Davos 2017. https://www.youtube.com/watch?v=Xl1Xj-stH6E

на надворешна политика во меѓународните односи, со цел да се определи како Европската Унија ја проректира својата безбедност кон трети земји и кон трети страни преку употреба на инструменти од тврда и мека моќ кои се проектираат низ повеќедимензионалниот пристап на надворешните политики на ЕУ. Така, фокусот на истражувањето ќе биде свртен кон анализа на европската безбедносна проекција кон африканските земји и земјите од централномедитеранска рута (Либија, Чад, Нигер и земјите од Африка, Карибите и Пацификот т.н. АКП земји) и земјите од источно-медитеранската рута (Турција и Западен Балкан) со фокус на Турција. Освен тоа, вниманието ќе биде ставено на ефектите на овој нов пристап односно на одговорот на прашањето дали „екстернализацијата“ претставува „мит или реалност“ во Европската Унија.

I. „Екстернализација на безбедноста“ во Европската Унија

Зборот „екстернализација“ дефиниран во рамките на електронскиот речник Меријам Вебстер (Merriam Webster) на англиски јазик означува две значења: 1) активност или процес на екстернализација односно состојба или карактеристики на екстернализираност; и 2) нешто што е екстернализирано: отелотворување.[4] Од областа на психологијата (Фројд), поимот „екстернализација“ означува „несвесен одбранбен механизам врз основа на кој, определена единка ги „проектира“ своите внатрешни карактеристики кон надворешниот свет;[5] и во полето на економијата, терминот вклучува трансфер на одредена надлежност кон надворешен ентитет, притоа изискувајќи високо ниво на координација и доверба помеѓу трговецот и надворешниот ентитет.[6]

Додека овие дефиниции се позајмени од други области, во постоечката литература поврзана со Европската Унија, постојат дефиниции за „екстернализација“ коишто воглавно се врзуваат со студиите за европска интеграција и теориите за анализа на надворешна политика на ЕУ, како на пример, надворешно владеење преку условеност (Schimmelfenning & Sedelmeier, 2011), трансформативна моќ на ЕУ (Grabbe, 2006), ЕУ како цивилна моќ

[4] https://www.merriam-webster.com/dictionary/externalization

[5] Sandler, Joseph (1988). Title Projection, identification, projective identification. Karnac Books. cited in https://en.wikipedia.org/wiki/Externalization

[6] Grosman, G. and Helpman, E., 'Outsorcing in a Global Economy" (London, CEPR Discussion Paper 3165, January 2002), 2, cited in Rijpma and Cremona (2007:12).

(Duchêne, 1972), нормативна моќ на ЕУ (Manners, 2002), меѓународен идентитет на ЕУ (Whitman, 1997), структурна моќ на ЕУ (Keukeleire, 2002) и слично. Во овие теории, екстернализацијата генерално е дефинирана како „способност на Европската Унија да ги менува концептите и перцепциите на она што се смета за нормално во рамките на меѓународните односи (Manners, 2002), или како способност на Унијата да ги поставува и обликува правилата на играта во меѓуанродните односи со трети земји (Keukeleire, 2002). Овие дефиниции воглавно се карактеристички за концептот на *Европеизација* којшто се однесува на различни процеси преку кои Европската Унија ги шири своите вредности, принципи и политики кон крети земји и го обликува нивното меѓународно и/или домашно однесување.

Сепак, кога ја истражуваме внатрешно-надворешната безбедносна врска во Европската Унија, вниманието треба да биде свртено кон областа не безбедносните студии за Европската Унија. Преку оваа перспектива, концептот на екстернализација се однесува на „надворешно владеење“ во меки безбедносни прашања (Lavanex, 2004), зближување на внатрешната и надворешната безбедност (Duke & Ojanen, 2006), екстернализација на безбедносните закани (Mounier, 2006), концептот на европска безбедност наспроти европски безбедности (Burgess, 2009), внатрешно-надворешна врска на безбедноста (Brandão, 2015), екстернализација на границите на мигрантската криза (Ruhrmann & FitzGerald, 2016), екстра-територијализација на полициска контрола врз границите во миграцискиот контекст (Rijpma and Cremona, 2007), управување со миграции однадвор (Parkes, 2016), и други.

На пример, Ериксон и Ринард (Eriksson and Rhinard, 2009:-245), тврдат дека односот помеѓу надворешната и внатрешната безбедност лежи во променливата природа на заканите коишто се движат помеѓу криминалот, граѓанската заштита, правдата и редот во рамките на државата, коишто можат да бида асоцирани со „внатрешна безбедност“ и безбедност како алатка за спречување и одвраќање на „надворешната безбедност“, при што тие стануваат се’ покомплексни во модерното општество, и вклучуваат вистински закани со прекугранична димензија коишто традиционално биле исклучени од јавните агенди. Овие безбедносни домени, од своја страна треба да бидат разбрани и проблематизирани како предводник за изучување на нивните ефекти врз политиките, перцепциите и системите. Додека Ериксон и Ринард се фокусираат на внатрешните реперкусии коишто ги поседуваат овие прекугранични закани кои и се заканууваат на Унијата, Лаванекс и Вичман (Lavanex and Wichmann, 2009:84), се концентрираат на надво-

решната проекција на внатрешните политики на Европската Унија во еден нов вид на надворешна политика, наречена „надворешна димезија“ на одредено поле на делување, како во областа на Правдата и внатрешните работи (ПВР), каде што соработката со Европската Унија вклучува трети земји (Lavanex, 2006). Конкретно, концептот на „надворешно владеење“ се користи за да се анализира (селективната) екстензија на европските норми, правила и политики, односно нивниот опсег и нивното проширување надвор од европските граници (Lavanex and Schimmelfenning, 2009), поместувајќи ги институционалните правни граници надвор од земјите членки на Унијата (Lavanex, 2004:683). Во иста насока Муние ја дефинира ектернализацијата како екстернализација на релевантни внатрешни политики со цел да се интервенира во спречување на заканите уште пред да стигнат до европско тло (Mounier, 2006).

Уште една интересна и нова дефиниција за екстернализацијата доаѓа од италијанскиот невладин сектор и се користи во новинарскиот жаргон, а се однесува на „овозможување на трети држави да управуваат со границите на Европската Унија“ (ARCI Report, 2016). Во овој случај невладиниот сектор ја критикува Европската Унија во миграцискиот контекст, велејќи дека Европската Унија ги злоупотребува фондовите од политиките за помош и меѓународна соработка со цел да „им помогне на луѓето во нивните домови“ и ги присилува африканските држави да соработуваат со Унијата преку затворање на нивните граници и и преку реадмисија на нелегални мигранти кои не се добредојдени во Унијата.

Од овие дефиниции може да се утврди дека екстернализацијата во голема мера е дефинирана во рамките на студиите за европски интеграции и за меѓународни односи, каде што беше дефинрана како неконвенционален пристап на водење на европската надворешна и безбедносна политика. Сепак, кога би се обиделе да дадеме една сопствена дефиниција за екстернализацијата врз основа на примерите коишто се предмет на ова истражување, би рекле дека „екстернализацијата на безбедноста на Европската Унија може да биде разбрана како префрлување на одговорноста на Европската Унија за сопствената безбедност надвор кон трети страни“.

II. Екстернализација на безбедноста на Европската Унија надвор од европските граници

Тргнувајќи од внатрешно-надворешната врска на европската безбедност, екстернализацијата на безбедносната политика на

Европската Унија кон трети земји може да се идентификува во склоп на три рамки на акција на Унијата и тоа: глобални политики за акција, специфични меки инструменти и инструменти на тврда моќ. Главната цел на овие политики е да се зацврстат надворешните граници на Европската Унија, да се управува со миграциските текови и да се намали или да се превенира нелегалната миграција.

Моменталниот пресек на состојбите на Европската глобална политика во рамките на безбедноста го опфаќа донесувањето на следните документи: 1. Ажурирана верзија на Европската безбедносна агенда;[7] 2. ново 'ниво на амбиција' (Level of Ambition);[8] Планот за имплементација за бездност и одбрана (2016) (Implementation Plan on Security and Defense);[9] Акциски план за Европската комисија за одбрана (Commission European Defense Action Plan);[10] Заедничката декларација меѓу ЕУ и НАТО (EU – NATO Joint Declaration (2016),[11] којашто постави 42 конкретни предлози за заедничка акција меѓу НАТО и ЕУ;[12] почеток на Перманентната структурна соработка за безбедност (Permanent Structured Cooperation on Security (PESCO) од 22 јуни 2017[13] и слично. Сите овие документи и акции се наменети да ѝ дадат импулс на Европската заедничка безбедносна и одбранбена политика (European Common Security and Defense Policy (CSDP)[14] и да ја зацврстат безбедноста на

[7] Ажурирана верзија на Стратегијата 'Shared vision, Common Action: A stronger Europe. A Global Strategy for the European Union's Foreign and Security Policy, June 2016.

http://www.eeas.europa.eu/archives/docs/top_stories/pdf/-eugs_review_web.pdf

[8] Council conclusions on implementing the EU Global Strategy in the area of Security and Defence - Council conclusions (14 November 2016) Brussels, 14 November 2016 (OR. en) 14149/16, http://www.consilium.europa.eu/en/meetings- /fac/2016/11/14-15/

[9] Implementation Plan on Security and Defense, Brussels, 14 November 2016 (OR. en) 14392/16, http://www.consilium- .europa.eu/en/meetings/fac/2016/11/14-15/

[10] Communication from the Commission to the European Parliament, the European Council, the Council, the European Economic and Social Committee and the Committee of the regions, European Defense Action Plan, Brussels, 30.11.2016 COM(2016) 950 final,

http://ec.europa.eu/DocsRoom/documents/20372

[11] European Council (6 December 2016) EU-NATO cooperation: Council adopt conclusions to implement Joint Declaration, http://www.consilium.europa.eu/en/press/press-releases/2016/12/06-eu-nato-joint-declaration/

[12] Progress report on the implementation of the common set of proposals endorsed by NATO and EU Councils on 6 December 2016 14 June 2017 https://eeas.europa.eu/sites-/eeas/files/170614-joint-progress-report-eu-nato-en-1.pdf

[13] European Council conclusions on security and defense, 22.06.2017, Brussels. http://www.consilium.europa.eu/-en/press/press-releases/2017/06/22-euco-security-defence/

[14] Преку мобилизирање на различни инструменти и политики на Европскта унија

граѓаните на Европската Унија, како и да го поддржат развојот на заеднички одбранбени способности. Од друга страна, глобалните политики во делот на миграцијата се поставени во различните области на делување на Европската Унија, како развојот, помошта, соработката, политиките за проширување, трговијата и слично, кои се содржани во разни документи на Унијата како на пример: Глобалниот пристап за миграција и мобилност (2005) (Global Approach to Migration and Mobility (2005)[15], Европската агенда за миграција (2015) (European Agenda on Migration),[16] различни европски регулативи и директиви како Директивата за репатријација (Return Directive 2008/115/EC)[17], Директивата за привремена заштита (Temporary Protection Directive 2001/55/EC)[18] и други документи од областа на азилот и миграцијата коишто ги засегаат државите на Европската Унија.

Сепак, со оглед на тоа што европскиот пристап кон бебедноста и миграцијата е структуриран кон потребите и приоритетите на различни држави, Европска Унија разви специфични политики кон земјите од двете различни рути односно источно-медитеранската и централно-медитеранската рута. Тоа го стори преку развивање на иницијативи кои ги сочинуваат инструментите на мека моќ на ЕУ, но и на тврда моќ. Во првата група на инструменти односно оние од централно-медитеранската група се вбројуваат: Процесот на Картум (Khartoum process) односно иницијативата за миграција помеѓу ЕУ и земјите од Африканскиот рог од 2014 г. (EU-Horn of Africa Migration Route Initiative),[19] која претставува платформа за политичка соработка помеѓу земјите; Договорот од Котону од 2000 г. (Cotonou agreement), особено чл. 13 (5(c)) којшто

преку еден интегриран пристап, вклучувајќи инструменти на мека и тврда моќ.

[15] Communication from the Commission to the European Parliament, the Council, the European Economic and Social Committee and the Committee of the Regions the Global Approach to Migration and Mobility, COM/2011/0743 final/ <http://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/ALL/?uri=CELEX:52011DC0743>

[16] Види повеќе на: https://ec.europa.eu/home-affairs/sites/homeaffairs/files/whatwe--do/policies/european-agenda-migration/background-information/docs/communication_on_-the_european_agenda_on_migration_en.pdf

[17] Види повеќе на: https://eurlex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=OJ:L:2008:-348:0098:0107:en:PDF

[18] Види повеќе на: https://eurlex.europa.eu/legalcontent/EN/TXT/?uri=celex:32001L-0055

[19] Види повеќе на: http://europa.eu/rapid/press-release_MEMO-15-4832_en.htm and https://www.khartoumprocess.net/

ја содржи клаузулата за реадмисија[20] и претставува правната рамка за соработка помеѓу Европската Унија и земјите од Африка, Карибите и Пацификот (АКП земјите); Акцискиот план од Самитот на Валета од 2015 (Valetta Action Plan)[21] како и Доверливиот фонд на ЕУ за итни случаи (EU Emergency Trust Fund),[22] кој истовремено ја преставува платформата за соработка и финансиска помош за земјите од интерес, во износ од 1.8 милијарди евра.[23]

Што се однесува до втората група или земјите од источно-медитеранската рута (Турција и Западно-балканските земји, глобалните политики во делот на безбедноста и миграциите ги опфаќа сите погореспоменати инструменти, но пред се' тие се канализирани низ политиките на проширување на Европската Унија коишто Унијата ги спроведува засебно со земјите пристапнички. Воглавно, овие инструменти ги опфаќаат договорите за стабилизација и асоцијација преку кои Унијата има воспоставено правни рамки за соработка,[24] трговски унии или царински унии со помош на кои се регулираат нивните меѓусебни односи,[25] Инструментот за претпристапна помош којшто ја претставува финансиската рамка на евроинтегративните процеси и се разбира, договорите за реадмисија (слични на клаузулата за реадмисија, но подетални и поопширни за разлика од неа), преку кои Европската Унија го регулира враќањето на нелегални мигранти кон земјите на потекло или земјите на транзит.[26] Од финансиските инструменти, Европската

[20] Види го договорот за реадмисија: http://www.europarl.europa.eu/intcoop/acp/03_-01/pdf/mn3012634_en.pdf

Посебни билатерални договори за реадмисија коишто се слични со договорот за реадмисија потпишан помеѓу ЕУ и Турција, се оние потпишани од страна на Италија и Тунис, Сенегал, Гана, Нигер и Брегот на слоновата коска.

[21] Види повеќе на следниот веб сајт: https://www.consilium.europa.eu/it/meetings/international-summit/2015/11/11- 12/

[22] Види повеќе на: https://www.rabat-process.org/images/RabatProcess/Documents/Valletta/EN/jvap-joint-valletta- action-plan_en.-pdf

[23] Види повеќе на: https://agensir.it/europa/2015/11/12/eu-africa-the-modest-results-of-the-valletta-summit/

[24] На пример, со Турција во 1964 г., со Република Македонија во 2004 г., со Албанија во 2009 г., со Црна Гора во 2010 г., со Србија во 2013 г. и други.

[25] На пример, Европската нија воспоставила царинска унија со Турција во 1995 г., додека со земјите од Западен Балкан се воспостави Средноевропски договор за слободна трговија и тоа со Република Македонија во 2006 г. и со другите балкански земји во 2007 г.

[26] Досега, Европската унија има потпишано договори за реадмисија со сите земји од Западен Балкан вклучувајќи ја и Турција.

Унија го потпиша Акцискиот план помеѓу ЕУ и Турција од 2016 г., кој во споредба со Доверливиот фонд на ЕУ за итни случаи, изнесува скоро тројно повеќе односно 6 милијарди евра и е единствено наменет за Турција.[27] Така што, кога ќе се споредат финансиските издатоци наменети за Турција и земјите од Африка, Карибите и Пацификот, ќе се увиди значителна разлика помеѓу нив. Всушност, овие различни финансиски пристапи кон земјите од централно и источните миграциски рути, произведуваат различни ефекти и имаат различна ефикасност во однос на намалување на миграциските текови од земјите од централно и источната медитеранска рута, што може да се увиди подолу во Табела бр. 1.

Како инструменти на тврда сила на надворешната политика на ЕУ во делот на политиките за безбедност и миграции во однос на централно-медитеранската руте се спроведуваат преку: 1. Операцијата Маре ностру (2013-2014, Италија) (Operation Mare nostrum), за пребарување и спасување на море ; 2. Заедничката операција Тритон (2014 -)(Joint Operation Triton), за пребарување и спасување на море; и 3. ЕУНАВФОР МЕД Операција Софија (2015-2018) (EUNAVFOR MED Operation Sophia) за борба против криумчарење на мигранти и трговија со луѓе) (Rurhman & Fitz-Gerald, 2016). Од друга страна, инструментите на тврда моќ кон земјите од источно-медитеранската рута се спроведуваат преку следните операции: 1. Распоредување на мисијата на Европската гранична и крајбрежна агенција на бугарско-турската граница (Капитан Андреево) (октомври, 2016); 2. Заедничка операција Тритон (2014 -) за пребарување и спасување на море, 3. ЕУНАВФОР МЕД Операција Софија (2015-2018) (EUNAVFOR MED Operation Sophia) за борба против криумчарење на мигранти и трговија со луѓе), 4. Постојаната поморска мисија 2 (Standing Maritime Group 2 (SNMG2) (NATO), која извршува активости за набљудување и препознавање и за спасување и задржување на лица на море, и 5. Мисијата за брза интервенција Посеидон (Poseidon Rapid Intervention), која ги вклучува Фронтекс и НАТО. Интересно е да се забележи дека во последните две години, особено со основањето на ЕУНАФОР МЕД заедно со Постојаната поморска мисија 2, често беше доведувана во прашање димензијата на зашитата на човековите права на безбедносниот пристап на Европската Унија кон миграцијата, особено во однос на принципот на *non-refoulment* односно за не-враќање.

[27] Види повеќе на http://europa.eu/rapid/press-release_MEMO-15-5860_it.htm.

III. Влијанието на политиките на Европската Унија во миграцискиот контекст

Влијанието на политиките на Европската Унија во миграцискиот контекст може да се увиди врз основа на индикаторите за нелегална миграција во Европската Унија од централо- медитеранската и источно-медитеранската рута кои се дадени од Агенцијата за гранична и крајбрежна контрола на Европската Унија – Фронтекс, а се прикажани во Табелата бр. 1.

Table 1. Нелегални влезови (копно и море) на главните миграциски рути кон Европската Унија (2006-2016)

Main migration routes into the European Union	Illegal border crossings (land and sea)										
	2006	2007	2008	2009	2010	2011	2012	2013	2014	2015	2016
Western African route	31600	12500	9,200	2,250	200	340	170	250	275	874	671
Western Mediterranean route	N/A	N/A	6,500	6,650	5,000	8,450	6,400	6.800	7,840	7,164	10,231
Central Mediterranean route	N/A	N/A	39,800	11,000	4,500	64,300	15,900	40.000	170,760	153,946	181,459
Apulia and Calabria route	N/A	N/A	N/A	807	2,788	5,259	4,772	5.000			
Circular Albania-Greece route	N/A	N/A	42,000	40,000	35,300	5,300	5,500	8.700	8.840	8,932	5,121
Western Balkan route	N/A	N/A	N/A	3,090	2,370	4,650	6,390	19.950	43.360	764,038	130,261
Eastern Mediterranean route	N/A	N/A	52,300	40,000	55,700	57,000	37,200	24.800	50.830	885,386	182,277
Eastern Borders route	N/A	N/A	1,335	1,050	1,050	1,050	1,600	1 300	1.270	1,920	1,349
Totals	N/A	N/A	N/A	104,847	106,908	146,349	77,932	106,800	283,175	1,822,260	500,248

Source: Frontexr

Извор: FRONTEX (www.frontex.europea.eu)

Од Табелата може да се увиди дека бројот на нелегални премини преку копно или море од централно медитеранската рута кон Европската Унија, во периодот од 2006 до 2016 г., постојано е во пораст, односно дека ѝ покрај фактот што во 2015 г. се одржа Самитот во Валета и беше дефиниран Европскиот доверлив фонд за итни случаи, сепак бројот на нелегални мигранти продолжи да се зголемува, движејќи се од 153,946 (регистрирани во 2015) до 181,459 нелегални премини (регистрирани во 2016 г.). Од друга страна, на источно- медитеранската рута, се забележува дека бројот на нелегални премини варира низ годините. Најголемиот број на нелегални премини бил регистриран во 2015 за време на мигрантската криза односно 885,386 нелегални премини, додека во 2016 година, бројот драстично се намалува до 182,277 нелегални премини. Намалувањето на бројот на нелегални премини се совпаѓа со потпишувањето на Акцискиот план помеѓу Европската Унија и Турција во март 2016 г. и мобилизацијата на повеќе од 6 милијарди евра кои Европската Унија ги обезбеди за Турција со цел да ѝ

помогне за да се справи со миграциската криза.[28]

Ова докажува дека политиките на Европската Унија применети во насока на намалување на нелегалната миграција имале поголемо влијание и биле поефикасни врз земјите од источно-медитеранската група отколку кон оние од централно-медитеранската група. Тоа се должи пред се' на големината на финансиски средства извдоени од ЕУ кон третите земји заради управување со миграциските текови, кои во случајот со источно- медитеранската рута се значително повисоки и се доделени единствено на Турција, додека во однос на централно-медитеранската рута тие се пониски и се дополнително разделени на повеќе земји долж рутата. Ова ќе рече дека диспропроцијата во доделувањето на финансиските средства е причината зошто овие земји не се поттикнати да ги остварат заедничките цели со Европската Унија, како што е случајот со Турција.

Ефикасноста на политиките на ЕУ е исто така резултат на различните меки и тврди инструменти коишто ги применува Унијата во насока на справување со миграциските напливи. Со земјите од источно-медитеранската рута, Европската Унија воглавно ги негува односите во рамките на политиките за проширување, коишто се значително попрецизни и повеќе ориентирани кон постигнување на конкретни резулати. Додека со земјите од централно-медитеранската рута, Европската Унија спроведува политики на соработка и трговија коишто не предвидуваат перспективи на европска интеграција, и токму заради тоа овие земји не пројавуваат голем интерес за да придонесат во насока на остварување на заедничките активности и цели на соработка.

IV. Дали есктернализацијата на безбедноста на ЕУ е мит или реалност?

Екстернализацијата на безбедноста на Европската Унија не е мит, напротив таа преставува реалност. Оваа реалност се огледува во фактот што Европската Унија користи алатки и инструменти на контрола од далечина со цел да го ограничи или намали бројот на

[28] Договорот беше потпишан на 18 март 2016 година, по серија на состаноци кои следеа помеѓу Европската унија и Турција посветени на продлабочувањето на односите помеѓу Унијата и Турција, а со цел зајакнување на меѓусебната соработка за справување со миграциската криза. Види повеќе на https://www.consilium.europa.eu/en- /press/press-releases/2016/03/18/eu-turkey-statement/.

лица односно мигранти коишто би сакале да дојдат до границите на Европската Унија и да бараат азил или друг вид на меѓународна заштита. Имено, со земјите од источно-медитеранската рута, конкретно со Турција, Европската Унија користи многу поефикасни инструменти, како што се алатките на мека и тврда моќ кои се канализирани низ политиките за проширување на Унијата, за кои е докажано дека поседуваат поголема атракциска моќ кон третите земји во однос на друг вид на политики за соработка. Исто така, финансиските инструменти кои се користат во однос на Турција се значително поголеми, што ѝ дава на Унијата поголема контрола и сигурност во постигнување на нејзините цели. Од друга страна, политиките што ЕУ ги применува кон земјите од централно-медитеранската група, иако користат инструменти на контрола врз третите земји во однос на управување со нелагалната миграција и миграциските напливи, сепак заради фактот што финансиските инструменти не се доволно високи и се поделени на повеќе трети земји, тие не успеваат да го постигнат истиот ефект во спречување на нелегалната миграција како и во случајот со земјите од источно-медитеранската рута.

Сето ова укажува дека Европската Унија ги користи своите политики и своите алатки на надворешна политика со цел да создаде така наречени „тампон зони“, во однос на кои таа ги префрла своите безбедносни грижи за заканите кои доаѓаат од нелегалната миграција и миграциските напливи, односно ја префрла одговорноста за бегалците, барателите на азил и мигрантите од себеси кон трети земји надвор од Унијата. Со тоа Европската Унија ги екстернализира своите политики односно ја екстернализира својата безбедност, со што ја префрлува одговорноста за истата надвор кон трети земји.

Користена литература

‘*Shared Vision, Common Action: A Stronger Europe’*, A Global Strategy for the European Union’s Foreign And Security Policy, June 2016.<https://eeas.europa.eu/archives/docs/top_stories/-pdf/-eugs_review_web.pdf>

ARCI (2016) Le tappe del processo di esternalizzazione del controllo alle frontiere in Africa, dal Summit della Valletta ad oggi, Documento di analisi. <http://www.integrationarci.it/wp-content-/uploads/2016/06/esternalizzazione_docanalisiARCI_IT.pdf Accessed 15 September 2021>

Brandão, A. P. (2015) The Internal-External nexus in the security narrative of the European Union, JANUS.NET, e-journal of International Relations ISSN: 1647-7251 Vol. 6, n.º 1, pp. 1-19<http://observare.ual.pt/janus.net/images/stories/PDF/vol6_n1/en/en_vol6_n1.pdf>

Burgess J. P (2009) There is No European Security, Only European Securities. Cooperation and Conflict: Journal of the Nordic International Studies Association, Volume 44, No. 3, pp. 309-328.

Carrera, S. and Blockmans, S., and Gros, D., and Guild, E. (16 December 2015), The EU's Response to the Refugee Crisis: Taking Stock and Setting Policy Priorities No. 20. (last visited 20 may 2017) <https://www.ceps.eu/ceps-publications/eus-response-refugee-crisis-taking-stock-and- setting-policy-priorities/>

Dijkstra, H. and Vanhoonacke, S. (2017) Why study EU foreign policy at all? A response to Keuleers, Fonck and Keukeleire, Cooperation and Conflict, Vol. 52(2) 280–286

Duchêne, F. (1972) Europe's Role in World Peace in Mayne, R. (ed.) Europe Tomor-row: 16 Europeans look ahead, Fontana, London, pp. 32 – 47.

Duke, S. and Ojanen, H. (2007) Bridging Internal and External Security: Lessons from the European Security and Defense Policy. Journal of European Integration, Volume 28, No. 5, pp. 477 – 494.

Eriksson, J. and Rhinard, M. (2009) The Internal-External Security Nexus, Notes on an Emerging Research Agenda. Cooperation and Conflict: Journal of the Nordic International Studies Association, Volume 44, No. 3, pp. 243-267.

Grabbe H. (2006) The EU's Transformative Power. Europeanization through Conditionality in Central and Eastern Europe, Palgrave Macmillan, Basingstoke.

Grabbe, H. (2006) The EU's Transformative Power. Europeanization through Conditionality in Central and Eastern Europe, Palgrave Macmillan, Basingstoke.

Keukeleire, S. (26-28.2002) Structural Foreign Policy, ECPR Pan-European conference on European Union politics, Bordeaux, France.

Lavanex, S. (2006) Shifting up and out: The foreign policy of European immigration control. Journal of European Integration, Volume 29, No. 2, pp. 329-350 DOI: 10.1080/01402380500512684

Lavanex, S. and Wichmann, N. (2008) The External Governance of EU Internal Security. Journal of European Integration, Volume 31, Number 1, pp. 83-102 DOI: 10.1080/07036330802503932

Lavenex, S. (2004) EU external governance in 'wider Europe', Journal of European Public Policy, 11:4, pp. 680-700

Manners, I. (2002) Normative Power Europe: A contradiction in terms?. Journal of Common Market Studies, Volume 40, No. 2, pp. 235-258.

Mounier, G. (2007) European Police Missions: From Security Sector Reform to Externalization of Internal Security. HUMSEC Journal, Issue 1, p. 47-64. <https://www.files.ethz.ch/isn/110-394/HUMSEC_Journal_Issue_1.pdf> Accessed 10 May 2021

Nikodinovska Krstevska, A. (2015) The relationship between values and policies of the European Union through the prism of its Foreign policy [Odnosot megu vrednostite i politikite na Evropskata unija niz prizmata na nejzinata nadvorešna politika], 2ri Avgust – Štip, Štip.

Ojanen, H. (2006) The EU and Nato: Two Competing Models for a Common Defence Policy. Journal of Common Market Studies, Volume 44, Number 1, pp. 57–76.

Parkes, R. (November 2016) Managing migration abroad Why, where, what and how?, European Union Institute for Security Studies (EUISS) November 2016, (last visited 09.03.2017) <http://-www.iss.europa.eu/uploads/media/Brief_31_Migration.pdf>

Parkes, R. (October 2016) The internal-external nexus: Re-bordering Europe, European Union Institute for Security Studies (EUISS) (last visited 09.03.2017) <http://www.iss.europa.eu/uploads/-media/Brief_28_Borders.pdf>

Rehrl, J. (2017) Handbook on CSDP, The Common Security and Defense Policy of the European Union (ed), 3rd edition. Directorate for Security Policy of the Federal Ministry of Defense and Sports of the Republic of Austria, Viena.

Rijpma, J. and Cremona, M. (2007) The Extrateritorialization fo EU Migration Policies and the Rule of Law. EUI Working Paper Law 2007/1, European University Institute, San Domenico di Fiesole.

Ruhrmann, H. and FitzGerald, D. (September 2016) The Externalization of Europe's Borders in the Refugee Crisis, 2015-2016. Working Paper No. 194, Center for Comparative Immigration Studies, University of California – San Diego.

Schimmelfennig, F. & Sedelmeier, U. (2004) Governance by conditionality: EU rule transfer to the candidate countries of Central

and Eastern Europe, Journal of European Public Policy, 11:4, pp. 661-679,
DOI: 10.1080/1350176042000248089

Tardy, T. (February 2017) The EU: from comprehensive vision to integrated action, European Union Institute for Security Studies (EUISS) (last visited 09.03.2017) <http://www.iss.europa.-eu/uploads/media/Brief_5_IntegratedApproach.pdf>

Whitman, R. (1997) The International Identity of the European Union: Instruments as Identity in LANDAU, Alice & WHITMAN, Richard G. (eds.) Rethinking the Euro-pean Union. Institutions, Interests and Identities, Macmillan Press Ltd, Basingstoke, pp. 54 – 75.

чен во 2008 г.[10], но исто така има склучено и поединечни билатерални договори за реадмисија со европски земји и скоро со сите соседни земји, како на пример со Албанија, Австрија, Белгија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Данска, Франција, Германија, Србија, Словачка и други. Покрај овие договори за реадмисија, државата има склучено имплементирачки протоколи со Австрија, Чешка и земјите од Бенелукс. Исто така, со Грција е иницирано потпишување на таков протокол, но сеуште е во фаза на ратификација. Во меѓувреме, правната рамка којашто се користи помеѓу овие две земји се заснова на Договорот за реадмисија помеѓу Европската Унија и Република Македонија од 2008 г. Освен Грција, Република Македонија има започнато преговори и со Турција уште во 2010 г., и преговорите се сеуште во тек.

3. Статус на имплементација на Договорот за реадмисија помеѓу Европската Унија и Република Македонија

Но, да видиме кој е статусот на имплементацијата на Договорот за реадмисија со Европската Унија. Во оваа фаза, битно е да се напомене дека при прибирањето на податоци во однос на имплементацијата на Договорот, се наиде на многу тешкотии. Имено, во јавноста постои недостаток на официјални податоци коишто се однесуваат на исходите од имплементацијата на Договорот за реадмисија помеѓу ЕУ и Македонија, и воопшто договорите за реадмисија склучени помеѓу Македонија и други земји. Недостатоците се однесуваат на пример на бројот на депортирани национални државјани или пак државјани од трети земји, понатаму недостоци во однос на процедурите за репатријација, трошоците поврзани со истите, тешкотиите со кои се соочуваат државите при репатријација, бенефитите, влијанието врз процесите на управување со миграцијата и сл. Практично, не постои никаква информација на таа тема и особено не постојат податоци коишто ја засегаат Република Македонија. Всушност, единствените официјални податоци кои можат да се најдат се оние коишто се издадени од Европската комисија во нејзините извештаи за напредок кон државата, а во извештаите пак се содржани податоци прибрани од националните владини институции, различни национални и меѓуна-

[10] 2007/817/EC: Council Decision of 8 November 2007 on the conclusion of the Agreement between the European Community and the former Yugoslav Republic of Macedonia on the readmission of persons residing without authorization. URL= https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=celex%3A32007D0817 (Accessed 5 May 2020)

родни организации, но и од Европскиот завод за статискитка 'ЕУРОСТАТ'.

Земајќи ги предвид извештаите за напредок на Европската комисија кон Република Македонија, подолу изготвивме една табела (Табела бр. 1), во која е прикажан статусот на имплементацијата на Договорот за реадмисија помеѓу ЕУ и Македонија во периодот од 2009 до 2019 година. Во табелата се прикажани податоци за репатријација на национални државјани од ЕУ кон Македонија и за репатријација на државјани од трети земји од ЕУ кон Македонија. Податоците се извадени од извештаиите и се обработени по календарски години, што е различно од она што е прикажано во извештаите, затоа што тие воглавно известуваат за периоди од септември до септеври во текот на две различни календарски години.

Табела бр. 1

Податоци извадени од извештаите за напредок на Европската комисија за Република Македонија за периодите од 2010 до 2019 година, во врска со бројот на депортирани граѓани од Европска унија кон Македонија врз основа на Договорот за реадмисија помеѓу ЕУ и Македонија

Репатријација на граѓани од Европска унија кон Република Македонија врз основа на Договорот за реадмисија помеѓу ЕУ и Република Македонија од 2008 г.		
Година	Број на депортирани национални државјани	Број на депортирани државјани на трети земји
2009	697	Нема податоци
2010	839	0
2011	1.022	0
2012	1.076	0
2013	1.328	0
2014	1.213	0
2015	1.832	0
2016	5.975	0

2017	Нема податоци. Единствено се наведува дека 'бројот на депортирани лица е низок'	0
2018	Нема податоци. Единствено се наведува дека 'процентот на депортирани лица е еднаков на 128%, со висок процент на Роми'.	Се наведува дека репатријацијата на граѓани од трети држави е многу ниска.
2019	Нема податоци. Единствено се наведува дека 'процентот на депортирани лица е еднаков на 100%, со висок процент на Роми.'	Се наведува дека репатријацијта на граѓани од трети држави е многу ниска.

Од Табелата може да се утврди дека постои одлична соработка помеѓу Европската Унија и Република Македонија во однос на репатријацијата на национални државјани, чијшто процент на доброволно враќање во државата во 2018 г. достигнува и до 128% односно во него се содржани и вратените лица коишто добиле одлуки за репатријација во претходната година (European Commission, 2018:39). Но, соработката помеѓу ЕУ и Македонија не е на исто ниво кога станува збор за реадмисија на државјани од трети земји. Ова јасно се увидува особено во последните два извештаи од 2018 (European Commission, 2018:39) и од 2019 (European Commission, 2019:41), каде што Комисијата констатира дека бројот на депортирани граѓани од трети земји од Европската Унија кон Република Македонија е многу низок и укажува на тоа дека потребно е да се стават во функција механизмите за враќање на нерегуларни мигранти.

Но, ова сценарио не се случува единствено со Македонија, туку се повторува и со други западнобалкански земји како на пример со Србија (European Commission, 2019b:38). Единствената држава која го имплементира договорот за реадмисија со ЕУ во целост, вклучувајќи го враќањето на државјани од трети земји, тоа е Албанија (European Commission, 2019c:39). Црна Гора исто така има одобрено враќање на низок процент на државјани од трети земји, но повеќе од нив поседуваат државјанство на некоја од поранешните југословенски републики (European Commission, 2019d:39-40).

Оттука се поставува прашањето, зошто Договорот за реадмисија не функционира односно кои се недостатоците за негова целосна имплементација?

4. Претпоставки за нефункционирање на Договорот за реадмисија помеѓу Европската Унија и Република Македонија

Тргнувајќи од она што погоре го споменавме дека во јавноста недостасуваат официјални податоци во однос на имплементацијата на Договорот, аргументите коишто ќе ги дадеме во однос на функционирањето на Договорот за реадмисија помеѓу ЕУ и Република Македонија ќе се засноваат на претпоставки, токму заарди тоа што не се располага со соодветни информации.

Прва претпоставка: Договорот за реадмисија помеѓу Европската Унија и Република Македонија не се имплементира во делот на реадмисија на државјани од трети земји затоа што постои недостаток од потпишани договори за реадмисија помеѓу Република Македонија со трети земји на потекло или транзитни земји од каде што поттекнуваат или од каде што транзитирале државјаните на трети земји коишто се предмет на репатријација (како на пример, Авганистан, Пакистан, Бангладеж, Сирија, Ирак, Турција или други).

Имено, штом Европската Унија ќе побара да се вратат државјани од трети земји во Република Македонија врз основа на член 3 од Договорот, и доколку истите бидат прифатени од Република Македонија, Македонија своевремено нема да биде во можност да ги врати во земјата на потекло од којашто поттекнуваат или третата земја низ која транзитирале, токму заради тоа што недостасува соодветна правна или оперативна рамка односно договор за нивна репатријација со третата земја на потекло како на пример Авганистан, Иран, Ирак и слично, или со земјата низ која што транзитирале, како на пример со Грција или Турција. Така што, лицата-државјани на трети земји штом ќе бидат вратени од ЕУ во Македонија, голема е веројатноста да останат во Република Македонија заради неможноста да бидат повторно депортирани. Оваа претпоставка на пример објаснува зошто Алабнија целосно ги почитува договорните обврски коишто ги има преземено со ЕУ во делот на реадмисија не само за сопствени државјани туку и на државјани од трети земји, затоа што таа е меѓу единствените земји од Западен Балкан којашто има потпишано договори за реадмисија со Мароко, Авганистан, Ирак и Иран (European Commission, 2019c:39).

Како логична причина којашто произлегува од сето ова, а се однесува на тоа зошто Договорот за реадмисија не се почитува токму во овој дел, лежи фактот дека доколку државјаните од трети земји не бидат вратени во земјата на потекло или транзитната земја, тие ќе паднат на товар на државата односно на Република Македонија,

при што таа ќе треба да се грижи за нивната интеграција, домување, издршка, социјална и здравствена заштита и слично, што пак би имало значителни финансиски импликации за националниот буџет.

Втора претпоставка: Договорот за реадмисија помеѓу Европската Унија и Република Македонија не се имплементира во делот на реадмисија на државјани од трети земји заради исполнување на обврските на Република Македонија коишто произлегуваат од членството во Советот на Европа.

Оваа претпоставка е поврзана со почитувањето на пресудите од Европскиот суд за заштита на човековите права (ЕСЧП). Имено, во случајот M.S.S. v. Belgium and Greece од 21 јануари 2011 г., ЕСЧП пресуди дека Грција не би можела да се смета како 'трета безбедна земја' затоа што не ги исполнува минималните стандарди во материја на азил предвидени согласно меѓународното право[11] и врз основа на тоа препорача дека земјите членки треба да го почитуваат правото на ЕУ во материја на азил и мигрција, и особено обврските кои произлегуваат од Европската конвенција за заштита на човековите права. Тргнувајќи од оваа одлука, Германија на пример ги суспендираше сите Даблински трансфери на барателите на азил кон Грција.[12] Оттука произлегува дека, настрана фактот што Република Македонија не е членка на ЕУ, туку како членка на Советот на Европа таа е потребно да ги почитува обврските коишто произлегуваат од членството, што ќе рече дека Република Македонија не го имплементира Договорот за реадмисија со ЕУ во делот на државјани од трети земји, затоа што ја почитува пресудата на Судот односно не ја смета Грција како 'трета безбедна земја'.

Трета претпоставка: Договорот за реадмисија помеѓу Европската Унија и Република Македонија не се имплементира во делот на реадмисија на државјани од трети земји заради негативната реперкусија што ја има Даблинскиот систем на Европската Унија[13]

[11] На следниот линк може да се најде пресудата на Европскиот суд за човекови права, URL= https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22dmdocnumber%22:[%22880339%22],%22itemid%22:[%22001-103050%22]} (Accessed 15 July 2020)

[12] ECRE, *Germany: suspension of Dublin procedures to Greece set to end on 15 March 2017*, https://www.ecre.org/germany-suspension-of-dublin-procedures-to-greece-set-to-end-on-15-march-2017/ (January 13, 2017)

[13] Под Даблински систем се мисли на комплексното европско законодавство материја на азил и миграција кое воглавно е содржано Dublin III Regulation, со кое се утврдуваат критериумите и механизмите за определба на државата којашто е одговорна за испитување на барањата на азил поднесени во Европската унија. URL = https://ec.europa.eu/-

врз Република Македонија односно врз Договорот за реадмисија. Врз основа на тоа, товарот за утврдување на одговорните државите за разгледување на барањето за азил коешто по правило треба да го сносат земјите членки на Европската Унија, во овој случај би паднал и врз Република Македонија иако таа не е дел од ЕУ односно е трета земја.

Конкретно, кога зборуваме за системот на азил и за утврдување на земја членка на ЕУ којашто ќе биде одговорна за разгледување на барањето за азил, според *Регулативата (ЕУ) бр. 604/2013 за утврдување на критериумите и механизмите за определување на земја членка одговорна за разгедување на апликација за меѓународна заштита*[14], тие се базираат примарно на системот на 'првата точка односно првата земја на нерегуларен влез' на мигрантите на територијата на Европската Унија. Ова подразбира дека доколку мигрантите како потенцијални барателиа на азил, го остварат својот прв влез во Европската Унија на пример во Грција, по правило таму треба да бидат регистрирани и да аплицираат за азил, и од тој момент па натаму почнуваат да се применуваат и т.н. Даблински квоти, врз основа на кои земјите членки на Европската Унија го делат товарот на апликациите за азил, во случај граничните земји на ЕУ да имаат прекумерен број на апликации. Оттука, во случај барателите на азил да направат некое секундарно движење во друга европска земја и поднесат второ барање за азил, сепак тие ќе бидат вртени во Грција како прва земја на регистрација и нивното барање за азил ќе биде разгледно од грчките власти. Како што може да се увиди, овој систем создава прекумерни тешкотии и товар на граничните земји на Европската Унија како Грција, Италија и Шпанија, и не само тоа за време на Европската мигрантска криза се покажа како нефункционален,[15] врз основа на ова се претпоставува дека грчките власти тенденциозно ги пропуштале мигрантите без да бидат регистрирани во Грција односно во ЕУРОДАК системот - единствениот регистраски систем на Европска унија за барателиа на

home-affairs/what-we-do/policies/asylum/examination-of-applicants_en (Accessed 3 June 2020)

[14] *Regulation (EU) No 604/2013 of the European Parliament and of the Council of 26 June 2013 establishing the criteria and mechanisms for determining the Member State responsible for examining an application for international protection lodged in one of the Member States by a third-country national or a stateless person.* URL= https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/ALL/;jsessionid=jHNlTp3HLjqw8mqGbQSpZh1VWpjCyVQq14Hgcztw4pbfSQZffnr-n!557467765?uri=CELEX:32013R0604 (Accessed 3 June 2020).

[15] Garcés-Mascereñas, B. Why Dublin doesn't work? CIDOB, November 2015. URL= https://www.cidob.org/en/publications/publication_series/notes_internacionals/n1_135_por_que_-dublin_no_funciona/why_dublin_doesn_t_work (Accessed 15 July 2020)

азил. Како пример, сведочат определени сведоштва коишто поттекнуваат од граничната полиција во Република Македонија, според кои во Република Македонија биле регистрирани недокументирани мигранти коишто влегле од Грција, а кои не поседувале никакви документи за регистрација издадени во грчките власти. [16] Во контекст на тоа говори уште едно сведоштво дека биле регистрирани многу случаи на мигранти кои влегле во Република Македонија а кои поседувале исти документи издадени од грчките власти со едно исто име и презиме и дури иста фотографија.[17] Што означува сето ова и на кој начин истото е поврзано со Даблинскиот систем?

Низ призмата на Договорот за реадмисија помеѓу Европската Унија и Република Македонија ова означува дека мигрантите коишто не биле регистрирани во Грција а кои транзитирле низ неа за да влезат во Македонија, и истите биле регистрирани во Македонија, нивниот прв влез ќе се смета дека бил Република Македонија а не Грција. Така што, земјите на Европската Унија повикувајќи се на Договорот за реадмисија помеѓу ЕУ и Македонија, може да побараат мигрантите од трети земји кои биле регистрирани во Македонија да бидат вратени во Македонија. Постапувајќи на овој начин, товарот за одговорноста за мигрантите наместо на Грција, ќе падне на Република Македонија, иако таа не е ниту земја на прв влез а ниту пак дестинација на мигрантите.

Четврта претпоставка: Договорот за реадмисија помеѓу Европската Унија и Република Македонија не се имплементира во делот на реадмисија на државјани од трети земји заради фактот дека трошоците кои настануваат околу процедурите за враќање на државјани од трети земји на потекло се многу високи.

Што се однесува до трошоците околу процедурите за враќање на државјани од трети земји на потекло, ова претставува уште едно прашање за кое не може да се најдат доволно официјални податоци. Но, без разлика на тоа, земајќи предвид одредени податоци коишто произлегоа од едно италијанско истражување спроведено за случаи на враќање на мигранти преку ФРОНТЕКС во 2015/2016 год.[18], се чини дека бројките покажуваат дека трошоците за враќање на мигранти коишто нелегално престојуваат во рамките на Европската Унија дека се високи. На пример, во рамките на истражувањето

[16] Податоците се прибрани од интервју со припадник на граничките полициски сили на Република Македонија кој го даде интервјуто во анонимност.

[17] Idem

[18] EU Observer, *Skyrocketing costs for returning EU migrants*, 5 May 2017.URL = https://euobserver.com/migration/137720 (Accessed 30 June 2020)

пресметале дека во просек ФРОНТЕКС троши околу 5,800 евра за секоја индивидуа којашто е депортирана назад во својата земја на потекло. Воочливо дека износот на трошиците зависи од оддалеченоста на земјата, како на пример доколку мигрантите поттекнуваат од некоја од земјите од Западен Балкан, во тој случај трошоците може да стигнат и до 1000 евра за лице, но доколку на пример мигрантите поттекнуваат од некоја африканска земја, во тој случај трошоците може да достигнат и до 9,000 евра. Земајќи го ова како пример, трошоците кои државата мора да ги покрие за државјани од трети земји ќе бидат многу повисоки во споредба со трошоците што ќе бидат потрошени за враќање на сопствени државјани. Имено, трошоците кои настануваат за враќање на сопствени државјани или државјани на трети земји од Европска унија до Македонија, според Договорот паѓаат на товар на Европската Унија. Но, понатаму трошоците кои би настанале за враќање на државјаните од трети земји од Република Македонија во земјата на потекло или во транзитната земја, ќе ги сноси Република Македонија, се разбира доколку постои договор за реадмисија со тие земји.

Заклучок

Откако наведовме кои може да бидат можните причини зошто Договорот за реадмисија помеѓу Европската Унија и Република Македонија не се имплементира целосно односно не се имплементира од страна на Македонија во делот на реадмисија на државјани од трети земји, во следниве две три реченици ќе ги сублимираме препораките за надминување на овие недостатоци.

Имено, најпрво потребно е да се ревидира европската регулатива во делот на азилот односно потребни се измени во Даблинскиот систем со цел да се растерети товарот што го сносат граничите земји членки на ЕУ во однос на апсорпција на нелегалните мигранти и барателите на азил. На овој начин ќе се отстранат негативните реперкусии што ги има Даблинскиот систем врз Република Македонија. Како втора препорака, и тука ќе отвориме една заграда, иако авторката смета дека целиот систем на ЕУ за реадмисија на државјани од трети земји односно нелегални мигранти е погрешен бидејќи системот не е ориентиран за да го реши проблемот со бегалците и со нелегалните мигранти, коишто несомнено бегаат од некакви неприлики, туку тој е реактивен систем кој единствено ги префрлува проблемите и грижите за мигрантите на други земји односно ги враќа во земјите од коишто мигранти избегале, а кои пак земји како што напати се покажало вршат постојано прекршување

на основните човекови права, и тука ја затвораме заградата; доколку се следи трендот на Европската Унија за реадмисија на трети лица, затоа што без разлика на природата на Договорот дали е правичен или не, несомнено е дека тој постои како меѓународна обврска и дека истата не може преку ноќ да се смени, во тој случај Европската Унија треба да се јави во улога на фацилитатор, користејќи ја својата позиција на т.н 'Нормативна моќ' којашто привлекува трети земји, и со тоа таа да послужи како форум за преговори помеѓу Република Македонија и третите земјите со цел да издејствува потпишување на договори за реадмисија помеѓу Република Македонија и третите земји. Врз основа на тие договори, Република Македонија би била во можност директно да ги враќа државјаните во тие земји. Што се однесува до почитувањето на обврските коишто произлегуваат од членството во Советот на Европа, имено за ова потребно е да се следи трендот на Советот на Европа односно неговото мнение дали обврската којашто произлегла за Грција е апсолвирана од истата или не. На крај, во однос на надминување на големите трошоци за репатријација на државјани од трети земји, ова може да се надмине преку меѓусебна соработка и поделба на трошоците помеѓу земјите долж транзитната рута. Иако, според авторката земјите од транзитната рута не би требало да сносат никакви трошоци во врска со транспортирањето на државјаните од трети земји во земјата на потекло, затоа што земјата на дестинација на тие мигранти или барателите на азил не била Република Македонија туку некоја од земјите во Европската Унија, така што врз основа на тоа товарот на трошоци би требало целосно да падне врз Европската Унија. Но, да го апстрахираме тоа, и да се навратиме на фактот дека Договорите за реадмисија веќе постојат и дека веќе се уредени на тој начин, во тој случај се предлага трошоците за репатријација да бидат поделени во пропорционален дел меѓу сите земји низ коишто транзитирале нелегалните мигранти за да стигнат во Европската Унија. На тој начин ќе се намалат трошоците за секоја држава поединечно и би можело да се обезбеди директно враќање на државјаните од трети земји од Европската Унија во нивната земја на потекло, без непотребно да се враќаат во другите транзитни земји долж Балканската рута.

Библиографија

Amet, Sibel. 2018. "The rights of refugees, migrants and asylum seekers in Republic of Macedonia,". Annual report for 2018, Helsinki Committee for Human Rights of the Republic of Macedonia, 2018 https://mhc.org.mk/wp-content/uploads/2019/05/Help-On-Route-ANG-2018-final.pdf

Amnesty International (a), *Urgent Action Hundreds Unlawfully held in Inhuman Conditions,* 25 February 2015, https://www.amnesty.org/download/Documents/EUR6510832015ENGLISH.pdf

Amnesty International (b), *Urgent Action Infamous 'Gazi Baba' Reception Center closed*, 27 July 2015, (https://www.amnesty.org/download/Documents/EUR6521662015ENGLISH.pdf)

Center for Crisis Management of the Republic of Macedonia (website). www.cuk.gov.mk

Chupeska-Stanishkovska, Ana and Christidis, Yorgos. 2018 "Breaking the 'Hostility discourse': Border security cooperation between Athens and Skopje since the beginning of the refugee crisis (2015-June 2018)." "*Contemporary Macedonian Defence,* Volume 18, No 35 (December 2018): 9-26. http://morm.gov.mk/wp-content/uploads/2019/01/01_Sovremena-Makedonska-Odbrana_-br.35_za-web.pdf."

Drangovski, Zoran, 2019, "Analytical report Lessons learned from the 2015-2016 migration situation in the Western Balkan region", 'Prague Process: Dialogue, Analyses and Training in Action' Initiative, International Center for Migration Policy Development (May 2019), https://www.pragueprocess.eu/en/migration-observatory/publications/document?id=180

European Commission. *Progress Report for the former Yugoslav Republic of Macedonia (COM(2013)700 final)*. https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/news_corner/key-documents_en?f%5B0%5D=field_file_country%3A86

European Commission. *Progress Report for Albania (c) (*COM(2019) 260 final), https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement-/countries/detailed-country-information/albania_en

European Commission. *Progress Report for Montenegro (d)* (COM(2019) 260 final), https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/countries/detailed-country-information/montenegro_en

European Commission. *Progress Report for Republic of North Macedonia (a)* (COM (2019) 260 final), https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/20190529-north-macedonia-report.pdf

European Commission. *Progress Report for Serbia (b) (COM(2019) 260 final),* https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/countries/detailed-country-information/serbia_en

European Commission. *Progress Report for the former Yugoslav Republic of Macedonia* (COM(2018) 450 final), https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/news_corner/key-documents_en?f%5B0%5D=field_file_country%3A86

European Commission. *Progress Report for the former Yugoslav Republic of Macedonia* (COM(2016) 715 final), https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/news_corner/key-documents_en?f%5B0%5D=field_file_country%3A86

European Commission. *Progress Report for the former Yugoslav Republic of Macedonia (*COM(2015) 611 final), https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/news_corner/key-documents_en?f%5B0%5D=field_file_country%3A86

European Commission. *Progress Report for the former Yugoslav Republic of Macedonia* (COM(2014)700 final), https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/news_corner/key-documents_en?f%5B0%5D=field_file_country%3A86

European Commission. *Progress Report for the former Yugoslav Republic of Macedonia* (COM(2012) 600 final), https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/news_corner/key-documents_en?f%5B0%5D=field_file_country%3A86

European Commission. *Progress Report for the former Yugoslav Republic of Macedonia (*COM(2011) 666 final), https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/news_corner/key-documents_en?f%5B0%5D=field_file_country%3A86&page=1

FRONTEX (website). www.frontex.europa.eu

Human Rights Watch, *As Though We Are Not Human Beings: Police Brutality against Migrants and Asylum Seekers in Macedonia*, September 2015, https://www.hrw.org/report/2015/09/21-/though-we-are-not-human-beings/police-brutality-against-migrants-and-asylum

Human Rights Watch, *As Though We Are Not Human Beings: Police Brutality against Migrants and Asylum Seekers in Macedonia*, September 2015, (https://www.hrw.org/report/2015/09/21/-

though-we-are-not-human-beings/police-brutality-against-migrants-and-asylum)

Koshevaliska, Olga, and Borka Tusevska Gavrilovikj and Ana Nikodinovska Krstevska. 2015. "Migration crisis: Macedonia on crossroads" In *Migration at sea: International Legal Perspectives and Regional Approaches.*, edited by Ana N. Krstevska and Borka T. Gavrilovikj, 61-67. Napoli Giannini Editore, 2015.

Legis, 2015. "2015 Annual Report Legis", January 10, 2016, http://www.legis.mk/uploads/LEGIS_Annual-Report_2015%20-%20Copy-%207.pdf

Legis, 2016. "2016 Annual Report Legis". January 10, 2017, http://legis.mk/news/2488/annual-report-2016

Legis, 2017. "2017 Annual Report Legis". January 10, 2018, http://legis.mk/news/2482/annual-report-2017

Legis, 2018. "2018 Annual report on irregular migration on the Northern border of Macedonia – Lipkovo area, July, 2017 – May, 2018," May 10, 2018, http://legis.mk/news/2568/annual-report-on-irregular-migration

Ministry of Defence (website). www.morm.gov.mk

Ministry of Interior (website). www.mvr.gov.mk

Senada Selo Sabić and Sonja Borić, 2016, "At the Gate of Europe: A Report on Refugees on the Western Balkan Route", (Zagreb: Fridrich Ebert Stiftug, January 2016).

Weber, Bodo. 2016. "Time for a Plan B: The European Refugee Crisis, the Balkan Route and the EU – Turkey Deal", A DPC Policy Paper. Berlin: Democratization Policy Council.

НИКОДИНОВСКА КРСТЕВСКА АНА

СОЛИДАРНОСТ И ЕКСТЕРНАЛИЗАЦИЈА НА БЕЗБЕДНОСТА ВО ЕВРОПСКАТА ПОЛИТИКА ЗА МИГРАЦИЈА И АЗИЛ. МОЖЕН ДВОЕН КОНЦЕПТ?

Апстракт: Бегалската криза од 2015-2016 длабоко влијаеше врз Европската Унија и врз земјите членки, предизвикувајќи еден вид на системски колапс на европската политика за миграција и азил, и притоа оставајќи голема поделба помеѓу земјите членки на ЕУ. Различни обиди беа направени за да ја олеснат солидарноста во Унијата и да создадат еден договорно-заснован механизам којшто би обезбедил подеднакво споделување на одговорноста за барателите на азил помеѓу земјите членки, но сепак овие активности не произведоа конкретни резултати. Напротив, соработката со трети земји беше зацврстена, особено во насока на обезбедување на границите на Европската Унија, со цел да се намали бројот на нерегуларни мигранти и да се превенира нелегална миграција. Тргнувајќи од тоа, наспроти внатрешната солидарност, која се однесува на солидарноста помеѓу земјите членки, помеѓу Европската Унија и нејзините земји членки, како и помеѓу европските граѓани и државјани на трети земји коишто живеат во ЕУ; Европската Унија ја зацврсти надворешната солидарност којашто се однесува на солидарноста од ЕУ кон лица коишто се наоѓаат во трети земји коишто бегаат од војна, од прогон, од глад, од насилни конфликти во нивната земја на потелко и солидарност со трети земји коишто ги прифаќаат тие бегалци во сосоедните земји. Засновувајќи се на тоа, во трудот ќе бидат разгледани принципот на солидарност на Европската Унија низ неговата внатрешна и надворешна димензија, и можното совпаѓање на надворешната димензија на солидарноста со екстернализацијата на безбедноста во политиката за азил и миграција на Европската Унија.

Клучни зборови*: принцип на солидарност, екстернализација на безбедност, миграција и азил*

NIKODINOVSKA KRSTEVSKA ANA

SOLIDARITY AND EXTERNALIZATION OF SECURITY IN EU MIGRATION AND ASYLUM POLICY. A DOUBLE-FOLDED CONCEPT?

ABSTRACT: The Refugee crisis of 2015-2016 deeply impacted upon the European Union and its member states, Union creating almost a system collapse in EU's asylum and migration policy and leaving great division among EU Member states. Various attempts were made to facilitate solidarity and to create a treaty-based mechanism that would ensure fair sharing of responsibility for asylum seekers among EU Member States, still these actions have not brought to a concrete outcome. Instead, cooperation with third countries has been strengthened, especially to secure EU external borders, to reduce the number of irregular migrants and prevent illegal migration. Therefore, against the backdrop of internal solidarity, where internal solidarity refers to the solidarity shown between Member states, between the European Union as a whole and its Member States, or between EU citizens and third-country nationals present in the EU; the EU strengthened external solidarity which refers to solidarity by EU towards people in third countries who are fleeing from war, persecution, hunger or violent conflicts in their country of origin and solidarity with third countries that currently receive huge numbers of refugees fleeing

war, persecution and hunger in neighboring countries. Therefore, this paper will look at the principle of solidarity of the European Union through its internal and external dimension, and the possible match of the external dimension of solidarity with the externalization of security in EU's asylum and migration policy.

Keywords*: principle of solidarity, externalization of security, migration, and asylum*

1. Вовед

Бегалската криза од 2015/2016 силно влијаеше врз Европската Унија (ЕУ) и врз нејзините земји членки, предизвикувајќи целосен колапс на европската политика за миграција и азил и оставајќи голема поделба помеѓу земјите членки на ЕУ, пред сé помеѓу оние од Вишеградската група, фронталните земји на ЕУ, но и другите земји на Унијата коишто прифаќаа мигранти и бегалци. Ова особено се однесуваше на затворањето на граници, на враќањето на мигранти, на одбивањето на барањата за релокација на барателите на азил во други земји од ЕУ и сл. Најразлични обиди беа покренати за да се олесни солидарноста и за да се обезбеди подеднакво споделување на одговорноста за барателите на азил помеѓу земјите членки на ЕУ особено во насока на растеретување на товарот што го носеа фронталните земји членки на Унијата коишто ги претставуваат надворешните гранци на Европската Унија како Грција, Италија, Малта, Унгарија, Шпанија и други; но, сепак овие активности како што ќе видиме, не произведоа некои значајни резултати. Напротив, неуспехот во обезбедување на внатрешната солидарност помеѓу земјите членки на ЕУ, го поттикна засилувањето на надворешната димензија на солидарноста поттенцирајќи ја важноста на соработката со трети земји.

Така што, спротивно на внатрешната солидарност, која би можело да се дефинира како солидарност од една страна 1. помеѓу земјите членки на Европската Унија, 2. помеѓу Европската Унија и земјите членки како и 3. помеѓу европските граѓани и државјани на трети земји кои престојуваат во Европската Унија; Европската Унија ја поддржа надворешна солидарност односно солидарноста со трети земји коишто примаат голем број на бегалци коишто бегаат од војна, прогон и глад во соседните земји.[1] Но, заради специфичноста

[1] Metsola, P. and Kyenge, K. (2015) *Working document on Article 80 TFEU – Solidarity and fair sharing of responsibility, including search and rescue obligations* (INI report on the situation in the Mediterranean and the need for a holistic EU approach to migration), European Parliament, Committee on Civil Liberties, Justice and Home Affairs, 15.7.2015. Retrieved from URL

на мигрантската криза, која со себе понесе и закана по европската безбедност и безбедноста на граѓаните на ЕУ, што се потврди со поврзаноста на различните терористички напади коишто се случија во европските градови, за кои се докажа дека сторителите на тие напади преминале во Европската Унија преку напливот на мигранти во 2015 г.,[2] Европската унија истовремено ја засили и надворешната димензија на политиката за азил и миграција, поврзувајќи ја безбедноста со миграцијата и азилот, односно правејќи безбедносен спој помеѓу внатрешната безебедност и внатрешните политки на Унијата со надворешната димензија на нејзините политики конкретно во азилот и миграцијата.[3] Тргнувајќи од тоа, во трудот ќе бидат разгледани принципот на солидарност на Европската Унија низ неговата внатрешна и надворешна димензија, и можното совпаѓање на надворешната димензија на солидарноста со екстернализацијата на безбедноста во политиката за азил и миграција на Европската Унија.

2. Европска политика за миграција и азил

Политиката за азил и миграција, не била отсекогаш предмет на регулирање од страна на Европската Унија. Имено, соработката во азилот и миграцијата најпрво се разви надвор од рамката на Европската Унија односно во рамките на меѓународен договор склучен помеѓу земјите членки на Унијата т.н. Даблинска конвенција од 1990 г. Следствено преку Договорот од Мастрихт, азилот и миграцијата постепено се здобија со супранационални елементи, влегувајќи во тогашниот трет столб од политиките на Унијата, по што преку последователните договори за измена и дополнување, особено со Лисабонскиот договор тие целосно преминаа во надлежност на Европската Унија,[4] а со тоа и во надлежност на Судот на правдата

https://www.europarl. europa.eu/doceo/document/LIBE-DT-564907_EN.pdf?redirect

[2] На пример, се докажа дека на сириискиот бегалец Ахмад ал Мухамед (Ahmad al Muhammad), кој се сметаше за одговорен за нападите во Париз во ноември 2015 г., всушност му бил дозволен влез во Грција во октомври истата година. Retrieved from URL http://edition.cnn.com/2015/11/15/europe/ paris-attacks-passports/index.html

[3] Federica Mogherini, Redefining EU's Security Agenda, World Economic Forum, Davos 2017. https:// www.youtube.com/watch?v=Xl1Xj-stH6E

[4] Basilien-Gainche, M.L. (2012) The EU immigration and asylum policy in the post-Lisbon institutional. In M. Trybus and L. Rubini (Eds) *The Treaty of Lisbon and the Future of European Law and Policy* (p. 355 – 380). Northampton: Edward Elgar Cheltenham.

на Европската Унија. Денес, Европската политика за миграција и азил претставува една динамична и сеопфатна политика за миграција и азил којашто се базира на *Глобалниот пристап за миграција и мобилност*[5] на Европската Унија како стратешки документи во кои е содржан пристапот на Унијата кон миграциските движења; на Заедничкиот европски систем на азил во согласност со Европската конвенција за човековите права од 1950 г. и Конвенцијата за статусот на бегалците од 1951 г. (чл. 78 од Договорот за функционирање на Европската Унија - ДФЕУ)[6], со кој се регулираат и хармонизираат различните национални системи во делот на управување со миграциите и на доделување на меѓународна заштита на бегалци и баратели на азил; како и на интегрираниот систем за управување со надворешните граници на Европската Унија (Член 4 (k) од Регулативата за Европската гранична и крајбрежна контрола од 2016/1624),[7] врз основа на кој Унијата воспоставува интегриран и единечен систем за управување и контрола на нејзините надворешни граници.

Но, без да се навлегува во детали околу правните основи на заедничката политика за миграција и азил, битно е да се напомене дека европскиот систем за миграција и азил со текот на годините, покажа серија на недоследности во неговата примена, особено во делот што се однесува на поранешната Даблинска конвенција,[8] врз база на која се определува која држава е одговорна за испитување на

[5] European Commission (2011), The Global Approach to Migration and Mobility, COM/-2011/0743 final from 18.11.2011. Retrieved from URL https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/ ALL/?uri=CELEX%3A52011DC0743

[6] Чл. 78 (1) од ДФЕУ: Унијата развива заедничка политика за азил, супсидијарна заштита и привремена заштита со цел да понуди соодветен статус на државјани на трети земји кои бараат меѓународна заштита, и да обезбеди усогласување со начелото на неврaќање. Оваа политика мора да биде во согласност со Женевската конвенцијата од 28 јули 1951 година и Протоколот од 31 јануари 1967 година, кои се однесуваат на статусот на бегалците, како и со други соодветни договори.

[7] Regulation (EU) 2016/1624 of the European Parliament and of the Council of 14 September 2016 on the European Border and Coast Guard and amending Regulation (EU) 2016/399 of the European Parliament and of the Council and repealing Regulation (EC) No 863/2007 of the European Parliament and of the Council, Council Regulation (EC) No 2007/2004 and Council Decision 2005/267/EC, Official Journal of the European Union 251,*16.9.2016.*

[8] Moreno-Lax, V. (2020) In-depth analysis: EU External Migration Policy and the Protection of Human Rights, Directorate general for external policies, Policy department, 2020, <https://www.europarl.europa.eu/RegData/etudes/IDAN/2020/603512/EXPO_IDA(2020)603512_EN-.pdf; Garcés-Mascareñas, B. (2015). Why Dublin 'doesn't work', Notes Internacionals CIDOB, Barcelona Center for International Affairs. Retrieved from URL = https://www.cidob.org/en/-content/download/62452/1950208/versi- on/15/file/NOTES%20135 GARCES_ANG.pdf

барањето за азил поднесено во една од земјите членки на Унијата, како и со примена на шемите за релокација на барателите за азил од фронталните земји на границите на Европската Унија.[9]

3. Принципот на солидарност во Европската Унија

Договорот од Лисабон во член 80 од ДФЕУ, утврдува дека политиките на Унијата во делот на граничните контроли, азилот и миграцијата се раководат според начелото на солидарност и праведно споделување на одговорност, вклучително и на финансиски обврски, меѓу земјите членки; но, од друга страна тој не дава конкретна дефиниција за тоа што претставува солидарноста. Во однос на тоа, Европскиот парламент разграничува помеѓу внатрешна и надворешна солидарност.[10] Внатрешна солидарност е онаа којашто се однесува на солидарност помеѓу држави членки, помеѓу Европската Унија во целост и нејзините земји членки, и помеѓу европските граѓани (граѓаните на ЕУ) и државјани на трети земји коишто престојуваат во Европската Унија. Како инстурменти на внатрешна солидарност се вбројуваат шемите за релокација на барателите на азил, усогласување на коефициентите за признавање на барања за азил, оперативна поддршка и заедно процесуирање на барањата за азил, толкување на даблинските правила низ призмата на хуманитарната клаузула од чл. 17 (2) ДФЕУ, солидарност на прифаќање на раселени лица во случај на масовен прилив и слично. Од друга страна, Европскиот парламент ја усвојува дефиницијата за надворешната солидарност на Унијата, која се однесува на солидарноста од страна на Европската Унија према луѓе во трети земји коишто бегаат од војна, прогон, глад или насилни конфликит од нивната земја на потекло, и солидарност со трети земји коишто моментално примаат голем број на бегалци коишто бегаат од војна, прогон и глад во соседните земји. Што се однесува до инструменти на надворешна солидарност тука влегуваат: процесот на европска интеграција, политики за добрососедство, договори за реадмисија, соработка со ФРОНТЕКС, билатерална полициска соработка со земји

[9] Maiani, F. (2016) The Reform of the Dublin III Regulation, Study for the LIBE Committee, European Parliament. Retrieved from URL = https://www.europarl.europa.eu/RegData/etudes/STUD/2016/571360/IPOL_STU(2016)571360_EN.pdf.

[10] Radjenovic, A. (March 2020) Solidarity in EU Asylum Policy, Briefing, European Parliamentary Research Service, European Parliament. Retrieved form URL https://www.europarl.europa.eu/RegData/ etudes/BRIE/2020/649344/EPRS_BRI(2020)649344_EN.pdf.

членки на ЕУ, техничка и финансиска поддршка и други видови на помош.

4. „Солидарноста“ под знак прашалник

Но, и покрај тоа што солидарноста е утврдена како принцип во основачките договори на ЕУ, сепак солидарност во Унијата не се постигна. Таа не се постигна ниту врз основа на постоечките одредби, ниту пак врз основа на новите измени коишто се предвидоа со неуспешниот предлог за четврта даблинска регулатива,[11] така што солидарноста остана главната причина за некохерентност во примената на политиката за азил и миграција, како и главна причина за несогласување помеѓу земјите членки на Унијата, околу менаџирање со миграциските приливи и менаџирање на барањата за азил. Токму, приликите и неприликите поврзани со мигрантските кризи кои ја погодија Европската Унија и нејзините земји членки ги истакнаа несогласувањата помеѓу земјите членки на Унијата, покажувајќи ги слабостите на Европскиот систем за азил и миграција и неговите недостатоци.

Солидарноста, најпрво се разниша преку воведување на рестриктивни политики за адмисија или пропуштање на мигранти и барателиа на азил на границите на разните членки на Европската Унија,[12] започувајќи со дозволување на влез само на мигранти од Сирија, Ирак и Авганистан на пример поставени прво од Австрија према Словенија, па од Словенија према Хрватска или од Унгарија према Србија, и така натаму .[13] Преку дополнителни рестрикции за мигранти од Авганситан, преку поставување на дневни ограничувања за влез во Унијата на пример, дозволените дневни влезови на

[11] На 20 септември 2020 г., Европската комисија го повлече предлогот за измени на Даблинската регулатива т.н. Даблин IV, https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/ TXT-/?uri=CELEX%3A52016PC0270

[12] UN news (23 February 2016) Europe’s restrictive measures place added hardships on refugees and asylum-seekers, Retrieved from URL https://news.un.org/en/story/2016/02/-522852-europes-restrictive- measures-place-added-hardships-refugees-and-asylum-seekers

[13] BBC (16 September 2015) Migrant crisis: Clashes at Hungary-Serbia border. Retrieved form URL https://www.bbc.com/news/world-europe-34272765; BBC (22 February 2016) Migrant crisis: Macedonia border closure strands thousands in Greece. Retrieved from URL https://www.bbc.com/ news/world-europe-35629921; NY times (23 February 2016) Policy shift on refugees lead to clashes between migrants and police. Retrieved from URL https://www.-nytimes.com/2016/02/24/world/europe/ macedonia-afghan-migrant-crisis.html

мигранти во Австрија изнесуваа 2500 мигранти;[14] преку ограничување на дневни испитувања на барања за азил од мигрантите, на пример во Унгарија дневното испитување или разгледување на барања за азил беше сведено на 100 апликации дневно;[15] преку градење на огради, ѕидови (помеѓу Унгарија, Србија и Хрватска) и бодликави жици;[16] преку воспоставување на поединечни билатерални соработки со посебни држави од Балканската рута;[17] преку нелегално враќање на мигранти од граничен појас кон други европски земји или други трети земји;[18] но, се разбира и преку одбивање на преземање на баратели на азил согласно предлозите на Комисијата за релокација на мигранти односно за распределување на миграцискиот товар од Грција и Италија во други земји членки. [19] Во оваа смисла, на пример земјите од Вишеградската група или Унгарија, Полска, Чешка и Словачка одбија да ги спроведат одлуките на Европската комисија за релокација на баратели на азил согласно една праведна и урамнотежена шема за распределба на одговорноста за барателите на азил од Грција и Италија како фронтални и најпогодени земји членки од кризата. За овие одлуки тие беа изведени пред Европскиот суд на правдата, кој иако го потврди ставот на Комсијата во пресудата CJEU - Joined Cases C 715/17, C718/17 and C719/17 Commission v Poland, Hungary and the Czech Republic од 2 април 2020,[20] но ѝ покрај тоа, овие земји не

[14] BBC (17 February 2016) Migrant crisis: Austria sets asylum claims cap and transit limit, Retrieved from URL https://www.bbc.com/news/world-europe-35600220

[15] UNCHR (May 2016) *Hungary As a Country of Asylum Observations on restrictive legal measures and subsequent practice implemented between July 2015 and March 2016* (p.6). Retrieved from URL https://www.refworld.org/pdfid/57319d514.pdf

[16] BBC (6 August 2015) Hungary build border fence to control migrant numbers. Retrieved from URL https://www.bbc.com/news/av/world-europe-33799208/hungary-builds-border-fence-to-control- migrant-numbers

[17] Drangovski, Z. (2019) Analytical Report. Lessons learned from the 2015-2016 migration situation in the Western Balkan region (p. 7), Vienna: Prague Process Secretariat International Centre for Migration Policy Development.

[18] A Dangerous 'game' The pushback of migrants, including refugees, at Europe's borders, Joint Agency Briefing Paper (April 2017), Macedonian Young Lawyers Association, Belgrade Center for Human Rights and Oxfam. Retrieved from URL https://www-cdn.oxfam.org/s3fs-public/file_attachments/bp- dangerous-game-pushback-migrants-refugees-060417-en_0.pdf

[19] European Commission (14 June 2017). Relocation: Commission launches infringement procedures against the Czech Republic, Hungary, and Poland. Retrieved from URL https://ec.europa.eu/commission/ presscorner/detail/en/IP_17_1607

[20] Court of Justice of the European Union – Joined Cases C 715/17, C718/17 and C719/17 Commission v Poland, Hungary and the Czech Republic, 2 April 2020.

пристапија кон прифаќање на барателите на азил според шемите за релокација.

Покрај овие недостатоци, најголемиот недостаток кој предничи на причините за непочитување на принципот на солидарност во рамките на европскиот систем за миграција и азил е самата Даблинска регулатива односно чл. 4, кој предвидува дека товарот за разгледување на апликациите за азил паѓа на фронталните земји членки. Даблинската регулатива е клучнот столб на Европскиот заеднички систем за азил, врз база на кој се уредуваат критериумите за определување на државата членка одговорна за разлгедување на барањето за азил, коишто се потпираат примарно на опредлување на одговорната земја врз основа на првиот нерегуларен влез во Европската Унија. Но иако, Европската Унија во својот легислативен предлог од 2016 г., предвиде корективен механизам за алокација на барателите на азил,[21] со цел да го олесни притисокот на фронталните земји членки на Европската Унија, сепак како што увидовме предлогот не беше успешен и беше повлечен од самата Комисија. Наместо него, Европската комисија предложи нов пакет на реформи, со Новиот пакт за миграција и азил кој го промовираше во септември 2020,[22] кој иако предвудува посовремен и пософистициран систем на релокација, прифаќање на мигранти, барателите на азил, сепак не врши некои значајни измени на даблиската регулатива. [23]

5. Спојот помеѓу ‘солидарноста’ и екестернализацијата на безбедноста во европската политика за азил и миграција

Заради неможноста да се надминат недостатоците на ситемот за азил и миграција, особено оние кои се однесуваат на приципот на

[21] Proposal for a Regulation of the European Parliament and of the Council establishing the criteria and mechanisms for determining the Member State responsible for examining an application for international protection lodged in one of the Member States by a third-country national or a stateless person (recast), COM/2016/0270 final - 2016/0133 (COD). Retrieved from URL https://eur-lex.europa.eu/legal-content/ EN/TXT/?uri=CELEX%3A52016PC0270

[22] Документите може да се видат на следниот линк: https://ec.europa.eu/info/publications/migration-and-asylum-package-new-pact-migration-and-asylum-documents-adopted-23-september-2020_en

Online resource: New Protests in Albania; Crisis Mounts, by David Binder, Special To the New York Times, (02/1991), Section A, Page 3, New York Times available at https://www.nytimes.com-/1991/02/22/world/new-protests-in-albania-crisis-mounts.html last accessed at 10.07.2021.

КОШЕВАЛИСКА ОЛГА
МАКСИМОВА ЕЛЕНА
НИКОДИНОВСКА КРСТЕВСКА АНА

ВИКТИМИЗАЦИЈА НА МИГРАНТИТЕ И БЕГАЛЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО КРИВИЧНИ ДЕЛА, СО ПОСЕБЕН АКЦЕНТ НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ И КРИУМЧАРЕЊЕТО МИГРАНТИ

Апстракт: Мешаните миграциски текови секогаш носат со себе сериозни ризици од виктимизација на одредена целна група која се обидува да стигне до одредена земја. Патот што го следат мигрантите можеби е ист, но самите предиспозиции и причини за мигрирање ги прават одредени мигранти особено поранливи од другите. Во ситуации на мешани миграциски текови, често се доведени во ситуација да бидат виктимизирани, пред се поради фактот што или не се „добредојдени" од локалното население или пак и локалното население и транснационалните криминолгени структури, сакаат да профитираат од нивната положба. Самите мигранти често посегнуваат по посредници кои би можеле да им помогнат да се преселат во посакуваната земја. Ова ги прави лесно достапни за ваквите структури, кои ако во „нормални" услови сами трагаат по нивните жртви, овде не ретко истите ги бараат нив. Така, мигрантите во транзит се особено ранливи на криумчарење поради нивната желба да го извршат ова кривично дело и нивната готовност да премолчат се само да стигнат до посакуваната дестинација. Меѓутоа, многу често оваа волја и согласност се губи на патот, бидејќи шверцот прераснува во трговија со луѓе, а мигрантите често се експлоатираат. Миграцискатa и бегалската криза што се случува долж Европа, и оние што се случуваат во моментот, поради состојбите во Авганистан и Украина, создава совршен пазар за експлоатација на мигрантите во земјите на транзит и дестинација од бескрупулозните криминални структури но и од изолирани сторители. Границата помеѓу шверцот и трговијата со мигранти често станува нејасна. Принудени на движење, луѓето се изложени на откуп, киднапирање, сексуална експлоатација или се тргувани за принудна работа за време на нивните патувања опасни по живот. Ваквата ранливост може и да не биде соодветно препознаена од првите надлежни лица во земјата, бидејќи, од една страна, времето не го дозволува тоа, или, од друга страна, затоа што соодветните алатки за навремена детекција не се развиени, не се широко усогласени или, во некои случаи, едноставно не се применуваат.

Република Северна Македонија е транзитна зона и за миграција и за транснационален организиран криминал. Со текот на годините, направени се голем број пропусти во однос на соодветното препознавање на потенцијалните жртви на кривични дела меѓу мигрантите како и жртви на трговија со луѓе. Земјата разви некои стандарди и насоки за мерките против трговија со луѓе во хуманитарни кризи и направи некои обуки за одговорните лица на првата линија и хуманитарните чинители. Сепак, практиката не ни покажува резултати на адекватно и навремено откривање. Соодветното време и алатки се од витално значење за да се идентификува ранливоста и посебните потреби, вклучително и во однос на оние кои сакаат да останат невидливи или непријавени.

Затоа, во трудот ќе дадеме осврт на виктимизацијата на мигрантите и бегалците како дел од мешаните миграциски текови, на територијата на нашата држава, како и ќе ја нагласиме опасноста за нивно регрутирање во трговија со луѓе и криумчарење мигранти.

Особено ќе ги нагласиме сличностите меѓу овие две кривични дела кои го отежнуваат правилното препознавање и идентификација на можните жртви на трговија со луѓе на територијата на Република Северна Македонија и ќе ги разгледаме позитивните правила и прописи, како и практичните напори со доза критицизам за подобри идни резултати.

Клучни зборови: *жртви, кривични дела, трговија со луѓе, криумчарење мигранти, Балканска рута*

KOSHEVALISKA OLGA
MAKSIMOVA ELENA
NIKODINOVSKA KRSTEVSKA ANA

VICTIMIZATION OF MIGRANTS AND REFUGEES IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA IN CRIMINAL OFFENSES, WITH A SPECIAL EMPHASIS ON HUMAN TRAFFICKING AND SMUGGLING MIGRANTS

Abstract: Mixed migration flows always carry with them serious risks of victimization of a specific target group that is trying to reach a specific country. The path followed by migrants and refugees may be the same, but the very predispositions and reasons for migrating make certain migrants particularly more vulnerable than others. In situations of mixed migration flows, they are often put in a situation of being victimized, primarily due to the fact that either they are not "welcomed" by the local population or because both the local population and transnational criminal structures want to profit from their position. Migrants themselves often turn to intermediaries who could help them move faster to the desired country. This makes them easily accessible to such structures, which, if in "normal" conditions they search for their victims by themselves, here the situation is vice versa. Thus, migrants in transit are particularly vulnerable to smuggling because of their will to engage in this particular crime and their willingness to keep quiet for any possible further exploitation, just to reach their desired destination. However, very often this will and consent is lost along the way, as smuggling turns into human trafficking, and migrants are often exploited. The migration and refugee crisis that is happening along Europe, and those that are happening at the moment, due to the situation in Afghanistan and Ukraine, creates a perfect market for the exploitation of migrants in the countries of transit and destination by unscrupulous criminal structures as well as by solo perpetrators. The line between smuggling and migrant trafficking often becomes blurred. Forced to move, people are exposed to ransom, kidnapping, sexual exploitation or trafficked for forced labor during their life-threatening journeys. Such a vulnerability may not be properly recognized by the first competent persons in the country they enter, because, on the one hand, time does not allow it, or, on the other hand, because the appropriate tools for early detection have not been developed, are not widely harmonized or, in some cases, simply do not apply.

The Republic of North Macedonia is a transit zone for both migration and transnational organized crime. Over the years, a number of omissions have been made regarding the proper recognition of potential victims of crimes among migrants as well as victims of human trafficking. The country has developed some standards and guidelines for anti-trafficking measures in humanitarian crises and has done some training for frontline responders and humanitarian actors. However, practice does not show us the results of adequate and timely detection. Adequate time and tools are vital to identify vulnerability and special needs, including for those who wish to remain invisible or unreported.

Therefore, in the paper we will review the victimization of migrants and refugees as part

of mixed migration flows, in the territory of our country, as well as emphasize the danger of their recruitment in human trafficking and migrant smuggling. We will especially emphasize the similarities between these two crimes that make it difficult to correctly recognize and identify possible victims of human trafficking in the territory of the Republic of North Macedonia and we will review the positive rules and regulations as well as practical efforts with a dose of criticism for better future results .

Keywords*: victims, crimes, human trafficking, migrant smuggling, Balkan route*

Вовед

Досегашната светска пракса покажала дека мешовитите миграциски текови во себе содржат доза на сериозен ризик од административни пропусти при прием и третман на мигрантите при транзитирање низ државите долж мигрантските рути, носење на унифицирани одлуки поврзани со миграциските политики и сл. Неодамнешната мигрантската и бегалската криза се покажа како повеќеслоен проблем кој изискуваше повеќеслојни активности ориентирани не само кон барателите на азил и бегалците, туку и кон економските нерегуларни мигранти.

Како што потврди и УНХЦР, во Европа во 2015 година (до денес) имаше мешани миграциски текови, од бегалци и економски мигранти кои ги користат истите рути и, за жал, се потпираат на истите шверцери[1]. Меѓутоа, идентификувањето колку точно лица се бегалци, а колку се економски мигранти кои бараат подобар живот во Европа, бара информации за причината за миграцијата, што најчесто недостасува. Затоа и третманот кој го добиваат најчесто е ист.

Групите на бегалци и мигранти сами по себе се ранливи и лесно подложни на разни виктимизации. Несоодветниот третман од претпоставените, како и мноштвото процедурални препреки кои се создадоа низ годините, како од земјите на ЕУ така и од транзитните, Балкански држави, го разгореа јавниот дискурс со говорот на омраза, се вршеа кривичните дела од одмраза врз нив, разбојништвата, насилства итн., што допринесе кон нивно свесно инволвирање во нелегални дејности со цел побрзо транзитирање. Правата на мигрантите и бегалците се кршат и се кршеа на дневна база, затворањето на границите и селективните политики на државите не

[1] Berry, M., Garcia-Blanco, I., Moore K., Press Coverage of the Refugee and Migrant Crisis in the EU: A Content Analysis of Five European Countries Report prepared for the United Nations High Commission for Refugees, UNHCR, December 2015, available at https://www.unhcr.-org/56bb369c9.pdf

помогна во решавање на ваквата проблематика, па придонесе до значително зголемување на бројот на кривични дела сторени кон нив, и од нив, а не изостана и нивно инволвирање во криумчарење на мигранти и неретко трговија со луѓе. Ранливоста на мигрантите во текот на нивното патување е евидентна не само на патиштата или на граничните премини. Развојот на настаните, Ковид пандемијата, затворањето на граничните премини, придонесоа да опасноста за нив да се префрли и во онлајн светот. Интернетот како најлесно орудие за добивање и пренесување на информации неминовно е користено и од мигрантите и бегалците. Социјалните медиуми, мобилните апликации, онлајн мапите, СМС пораките, веб-страниците за преведување, онлајн трансфери на пари, станиците за полнење на мобилни телефони и бесплатно WiFi создадоа нова инфраструктура за движење еднакво критична како патиштата или железниците[2]. Кај мигрантите и бегалците во транзит се отвориј серија опасноси и онлајн ранливост како: напади со малициозен софтвер, фишинг, откуп, кражби на идентитет, спам, ксенофобија, говор на омраза и злосторства од омраза, незаконска употреба на лични податоци и сл.

Корпусот на кривични дела и неправилности кои ги има во третманот над лица кои, најчесто и немаат друа опција освен да мигрираат, мора да бидат откриени и адекватно третирани со цел нивно неповторување во иднина. Човечките животи се неприкосновени, основните човекови права не смеат да се занемаруваат и да се применуваат селективно. Мигрантските кризи и мигрантските бранови се составен дел од модерното живеење. Кризите (освен економските, воените, политичките и сл.) наметнуваат посебни правила кои најчесто се решаваат во „од“, за што е и потребна перманентна анализа на пропустите и нерегулаторностите во справувањето со секоја претходна. Она на кое ќе ставиме акцент во овој труд се кривично правните аспекти на кризата која претходеше на европското тло, виктимизацијата на мигрантите и бегалците на тлото на нашата држава, задржувајќи го фокусот на криумчарењето мигранти и трговијата луѓе, поради сериозноста на овој криминалитет, неговиот трансационалниот карактер и сериозното прекршување на основните човекови права, а пред се, несоодветното процесуирање и воопшто недетектирањето на истите од страна на овластените лица. Целта која ја имаме пред нас при пренесувањето

[2] Ferris-Dobles,M., Van De Wiele, C., Garcia M., & O’Connell C., The Hidden Blueprint: A Dissection of the Technological Footprint on Living Systems, The 21st Annual Conference of the Association of Internet Researchers Virtual Event / 27-31 October 2020, pg. 3.

на резултатите од вакви кривично правни и криминолошки анализи е подигање на свест со цел да се превенира повторување на истата или слична пракса при идните мешовити миграциски текови.

1. Виктимизација на мигранти и бегалци во криумчарење мигранти и трговија со луѓе

Сериозноста на проблематиката добива на тежина при сериозно прекршување на основните човекови права преку виктимизација на мигрантите и бегалците со сериозни, животозагрижувачки, кривични дела. Затоа и акцентот на целиот труд ќе биде ставен над криумчарењето мигранти и трговијата со луѓе – две кривични дела чија граница во пракса е доста нејасна, па ги прави тешко дистинктивни. Збор два во оваа насока се неопходни со цел поставување на соодветни параметри за објаснување на процесот на виктимизација и третманот од државите на можните жртви и жртвите на овие кривични дела.

Имено, адекватната идентификација на жртви на трговија со луѓе меѓу мигрантите и бегалците е неопходна за соодветно активирање на релевантната помош и механизми за заштита. Сè позаматените граници[3] меѓу двете кривични дела често имаат неотповикливи последици за иднината на мигрантите. Истите, или слични етиолошки предиспозиции за појава, нивната транснационалност и организираност од страна на сторителите, ги прават во пракса особено блиски и сродни, што повеќе и нивното прикривање и несоработување со органите на прогон од самите жртви. Според меѓународната правна рамка, како и повеќето национални закони, криумчарењето на мигранти, дури и кога се подложени на суров, деградирачки третман и злоупотреба, не се сметаат за жртви на криминал или жртви чии човекови права биле прекршени. Тие немаат право на поддршка и помош, користење правни лекови за претрпената штета или заштита од евентуална дополнителна штета. Што повеќе, мигрантите самите се казнуваат за кршење на режимите за миграција. Додека пак, наспроти тоа, оние кои се идентификувани како жртви на трговија со луѓе имаат право на сеопфатна помош и заштита, вклучително и имунитет од гонење за

[3] За ова види повеќе кај: Максимова, Е., Кошевалиска, О., Нанев, Л., Криминолошка опсервација на последиците од Европската мигрантска криза, Зборник на трудови, седма меѓународна научна конференција „Општествени промени во глобалниот свет“ Правен факултет, 2020 година.

какви било кривични дела или административни прекршоци што можеби се сторени од нив за време на тргувањето[4]. Тоа значи дека надлежните органи доминантно се фокусираат на откривање на криумчарење мигранти, па стотици новопристигнати лица кои биле во ситуација на трговија со луѓе, или кои продолжуваат да бидат изложени на ризик од експлоатација, остануваат неидентификувани и, според тоа, незаштитени.[5] За наши цели, на кривичното дело криумчарење луѓе и кривичното дело трговија со луѓе треба да се пристапи како кон два концентрични кругови, со испреплетени модалитети и начин на работа, бидејќи станува сè поочигледно дека миграциските и бегалските кризи создаваат совршен пазар за трговија со луѓе, како на мигрантите кои се во транзит така и на оние кои ја достигнале посакуваната дестинација. Како што ќе забележиме подолу, Македонија имаше потешкотии при разликување на овие два криминалитета, кое се одрази на недетектирање на трговијата со луѓе воопшто меѓу илегалните транзити и шверц.

Токму поради можноста иницијалната виктимизација или ризикот од неа да се создаде на неколку подрачја, важно е да се потенцира кое е местото каде опасноста може да се создаде, со цел разбирање и превенирање од доведување на мигрантите и бегалците во ваква положба:

1. Во земјата на потекло,
2. Во земјата на транзит (за време на патувањето) како и
3. Во крајната дестинација (најчесто ЕУ држава).

Според UNODC[6] некои од основните причини за трговијата со луѓе, уште во земјата на потекло,се сиромаштијата и недостатокот

[4] Со измените на Кривичниот законик, од 1 јануари 2019 година, беше предвидена изречно начело за неказнување на жртвите на кривичното дело Трговија со луѓе, и кривичното дело Трговија со деца и кај нас. Суштината на ова начело е дека тоа опфаќа неказнување, негонење и непритворање на жртвите. Ова начело треба да овозможи поефикасна идентификација, помош и поддршка на жртвите, кои во голем број на случаи, со оглед на состојбата во која се наоѓаат, се принудувани од страна на трговците на вршење казниви дела. Примената на начелото на неказнивост ќе ги охрабри жртвите да соработуваат со органите на прогон во откривањето и казнувањето на сторителите. Повеќе види во: Лажетиќ, Г., Здравкова, И., Правата на жртвите на трговија со луѓе во судските постапки, Спречување и борба против трговија со луѓе во Северна Македонија хоризонтален инструмент за западен Балкан и Турција, втора фаза, 2020, стр.40

[5] From Reception to Recognition: Identifying and Protecting Human Trafficking Victims in Mixed Migration Flows A Focus on First Identification and Reception Facilities for Refugees and Migrants in the OSCE Region, 2017 pg. 16, available at: https://www.osce.org/files/f/documents/b/e/367061.pdf

[6] UNODC – United Nations Office on Drugs and Crime.

на легални начини за миграција. Во оваа фаза, мигрантите се ранливи на ветувањата на трговците со луѓе/криумчарите кои им нудат работа или безбедност во странство, како и на експлоатација за време на самиот процес на нерегуларна миграција. Онаму каде што околностите доведуваат до раселување на луѓето и ги принудуваат на нерегуларна миграција, отстранувајќи ги од заштитата на нивните семејства, заедницата или владата придонесува кон нивната виктимизација на трговците со луѓе. Вооруженият конфликт, прогонот и природните катастрофи може да ја зголемат инциденцата на трговија со луѓе.[7] Сепак причините за миграција и подложување на ризик за можна виктимизација не се само во земјите на потекло. Привлечноста на можностите, немилосрдната побарувачка за евтини стоки и услуги и очекувањата за сигурен приход ги доведуваат луѓето во потенцијално опасни ситуации каде што се изложени на ризик да бидат експлоатирани.[8] Така, со впуштање во мигрирање при транзитот, ризикот од врбување и можна експлоатација постои во сите земји низ кои мигрантите поминуваат. Доколку веќе се инволвирани во ваква мрежа во земјата на потекло, овие земји се можност за реализација на експлоатацијата. Доколку сè уште не се и патувањето го започнале сами, во толпа и сл.во секоја земја на поминување каде наидуваат на политички или физички препреки се јавува можноста за посегање по илегален транзит кој неминовно значи поврзување со шверцери. Така, земјите на транзит освен во улога на земји на експлоатација, можат да бидат и земји на воспоставување на иницијален контакт на мигрантите/бегалците со шверцери на мигранти и потенцијални трговци со луѓе. И, нормално, крајната дестинација може да постане земја каде лицето кое било шверцувано биде експолатирано при чекање на соодветна документација.

Бидејќи е очигледно дека опасноста е сеприсутна за време на целото патување, се отвора прашањето под кои се сценарија може мигрантите/ бегалците да станат жртви на трговија со луѓе?

Ваквите сценарија може да варираат. Криумчарените мигранти можеби не мора да ја прекинат врската со нивните шверцери откако ќе стигнат до дестинацијата, бидејќи тие можеби веќе имаат натрупано долг кон нив. Последователно се бара овој долг да се врати. Доколку не се стори тоа, мигрантот, или почесто, членовите

[7] Root causes, Module 7: Prevention of Trafficking in Persons, United Nations Office on Drugs and Crime, March 2019, available at https://www.unodc.org/e4j/zh/tip-and-som/module-7/key-issues/root- causes.html

[8] An Introduction to Human Trafficking: Vulnerability, Impact and Action, UNITED NATIONS OFFICE ON DRUGS AND CRIME Vienna, New York, 2008.

на неговото семејство дома, се изложуваат на одмазда или закана од истата. Експлоатацијата што потекнува од договорен долг може да се случи пред пристигнувањето на мигрантите во Европа, на пример за време на нивниот престој во Египет или Либија, и често во форма на домашна службеност каде што жртвите, претежно жените, исто така може да бидат сексуално злоупотребени. Со оглед на тоа што се наоѓаат во тешка состојба и имаат итна потреба да обезбедат за своите семејства или да ги поштедат од можноста за штета, мигрантите почнуваат да работат во на градилишта или било каде под опасни услови пред предоцна да сфатат дека се заробени. Во такви околности, насилството и злоупотребата неизбежно се случуваат.

Конечно, шверцерите и трговците со луѓе може да ги користат ранливостите на мигрантите за да ги користат како регрутери, посредници и во други контексти и криминалитети.[9] Релативно новиот контекст на „мешани миграциски текови" кој го опишува движењето на луѓе со различен статус и мотиви, користејќи исти миграциски капацитети, патувањето по истите рути и соочување со различни исходи во рамките на европскиот имиграциски систем, претставува предизвик за некогашната јасна правна дистинкција меѓу двете предметни кривични дела шверц и трговија со луѓе. Иако многу мигранти се изложени на трговија со луѓе откако ќе бидат прошверцувани преку граница, честопати шверцерите ја преземаат улогата на трговци со тоа што ги претвораат во сексуални робинки или ги продаваат на принудна работа. Дури и кога го платиле своето патување, мигрантите сè уште можат да останат во долгови и затоа се многу ранливи на експлоатација. Сумирано, експлоатацијата и превртната точка на преминување на шверцот во случај на тргување со лица може да настане пред и по поминувањето на границата на земјата на дестинација, а најчесто долгот е тригерот. Сепак причините и последиците се разнолики, а проблематиката е присутна. Иако миграциската криза која ја зафати Европа е начелно завршена, војната во Украина и претходните немири во Авганистан укажаа на нови можности од виктимизација.[10]

[9] From Reception to Recognition: Identifying and Protecting Human Trafficking Victims in Mixed Migration Flows A Focus on First Identification and Reception Facilities for Refugees and Migrants in the OSCE Region, 2017 pg. 16, available at: https://www.osce.org/files/f/documents/b/e/367061.pdf

[10] Германија ги предупреди украинските бегалци за можна опасност од виктимизација во трговија со лица на почетокот од годината: https://www.reuters.com/world/europe/berlin-warns-ukrainian-refugees-about-trafficking-danger-2022-03-14/, а за време на приемот на Авганистанските мигранти/бегалци, покрај виктимизација во кривични дела кои произлегуваат од говор на омраза, невладини организации и новинарии репортираа за можни инволвирања на млади момчиња во трговија со лица и нивна експлоатација

2. Обврски на државите при мигрантски кризи во насока на превенирање и заштита од тргување со луѓе

Мноштво на меѓународни инструменти, покрај домашната легислатива, наметнува позитивна обврска за заштита на лицата, како домицилното население, така и за секој кој се наоѓа на територијата на односната држава, од виктимизација во трговија со луѓе.

Според Конвенцијата на Советот на Европа за акција против трговијата со луѓе (2005 година, член 10/1)[11], жртвите треба да бидат идентификувани од надлежните органи на државите членки и да бидат заштитени. Директивата 2011/36/ЕУ за трговија со луѓе[12] бара земјите-членки да спроведат механизми за помош за рана идентификација, со цел да се заштитат претпоставените жртви на трговија со луѓе (член 11/1). Државите обезбедуваат жртвите да добијат правно застапување, правен совет и пристап до специфични шеми за заштита на сведоци, врз основа на индивидуални проценки на ризик, во согласност со домашното законодавство и процедури. Жртвите ќе бидат заштитени од виктимизација што може да се случи кога се сослушуваат и кога даваат исказ на суд (член 12/2,-4). Директивата поставува обврзувачки правила за дефиницијата на кривичните дела и нивото на санкциите што се однесуваат на трговијата со луѓе, а предвидува и зајакнување на превенцијата, како и заштитата на жртвите[13].

Европскиот суд за човекови права недвосмислено нагласува дека „трговијата со луѓе го загрозува човечкото достоинство и основните слободи на неговите жртви и не може да се смета за компатибилна со едно демократско општество“[14]. Судот забележува дека членот 4 од Конвенцијата бара земјите-членки да го криминализираат и гонат ефективно секое дело насочено кон одржување на лице во ситуација на ропство или принудна работа. Со цел да се усогласат со оваа обврска, од земјите-членки се бара да воспостават законодавна и административна рамка за забрана и казнување на

долж Балканската рута во „bacha bazi“ контекст.

[11] Council of Europe, Council of Europe Convention on Action against Trafficking in Human Beings (2005). Available at: https://rm.coe.int/168008371d

[12] Directive 2011/36/EU of the European Parliament of the Council of 5 April 2011.

[13] За повеќе види на веб: https://www.lastradainternational.org/directive-on-preventing-and-combating-trafficking-in-human-beings-and-protecting-itsvictims/#:~:text=Directive%2-02011%2F36%2FEU%20of%20the%20European%20Parliament&text=It%20sets%20binding-%20rules%20on,well%20the%20 protection%20of%20victims.

[14] Rantsev v. Cyprus and Russia App No. 25965/04 (ECtHR, 7 January 2010) para 282.

таквите дела[15]. Членот 4 од Конвенцијата може, во одредени околности, бара од државата да преземе оперативни мерки за заштита на жртвите или потенцијалните жртви. Исто така, повлекува процедурална обврска да се истражи онаму каде што постои веродостојно сомневање дека се повредени правата на поединецот. Судот нагласува дека барањето за истрага не зависи од жалбата на жртвата, туку дека властите мора да дејствуваат по сопствена желба штом предметот ќе дојде до нивно внимание.[16]

Позитивната обврска на државата согласно Конвенцијата не може да се смета за исполнета доколку механизмите за заштита предвидени во домашното право не се соодветно имплементирани. Жртвите на трговија со луѓе обично не поднесуваат барања, освен ако не се усвојат посебни програми за заштита. Најчесто поради тоа што не се препознаат себеси како жртви, немаат пристап до релевантни информации или се уценувани и заплашувани од трговците со луѓе и се плашат од каква било интеракција со органите за спроведување на законот. Или пак не се подготвени подготвени да соработуваат, како што е во случајот со виктимизираните мигранти и бегалци кои поради желба за побрзо транзитирање или побрзо започнување на новиот живот премолчуваат и не се волјеви за соработка со органите на прогонот. Оттука, од земјите-членки, во согласност со позитивните обврски кои произлегуваат од меѓународните правни рамки, се очекува да ги воспостават сите процедурални чекори насочени кон адекватно идентификување на претпоставените жртви на трговија со луѓе во најраната можна фаза, со што ќе се обезбеди нивно соодветно упатување и заштита од нивното автоматско враќање во земјите на потекло.

Во однос на постојните практики за идентификација и упатување, посебно внимание беше посветено на постоењето на процедури за ран скрининг за пристигнувања, како и на практичноста на фазите на предидентификација, регистрација и идентификација. Ова беше направено за да се разбере како се постапуваа со информациите поврзани со трговијата со луѓе во текот на секоја фаза, заедно со кои актерите имаат мандат да бидат вклучени во

[15] Rantsev v. Cyprus and Russia App No. 25965/04 (ECtHR, 7 January 2010), M. and Others v. Italy and Bulgaria app No. 40020/03 (ECtHR, 31 July 2012), C.N. v. the United Kingdom App No. 4239/08 (ECtHR 13 November 2012), Siliadin v. France App No. 73316/01 (ECtHR, 26 July 2005), C.N. and V. v. France App No. 67724/09 (ECtHR, 11 October 2012), Keenan v. The United Kingdom App No. 27229/95 (ECtHR, 2 April 2001), Opuz v. Turkey App No. 33401/02 (ECtHR, 9 June 2009), Talpis v. Italia App No. 41237/13 (ECtHR, 21 March 2017).

[16] Rantsev v. Cyprus and Russia App No. 25965/04 (ECtHR, 7 January 2010) para 288.

идентификацијата на претпоставените жртви на трговија со луѓе.[17]

3. Решенија и предизвици на Западно-Балканската рута кои влијаеја врз Македонија

- Во 2015 година, стотици илјади мигранти и бегалци го минаа Балканот во колони, пристигнувајќи на полуостровот преку Грција пред да тргнат кон север, кон некоја од земјите на ЕУ. Рутата беше официјално затворена според договорот меѓу Европската Унија и Турција во 2016 година. Според договорот склучен меѓу ЕУ-Турција, сите нови нерегуларни мигранти и барателите на азил кои пристигнуваат од Турција на грчките острови и чии барања за азил се прогласени за неприфатливи треба да бидат вратени во Турција[18].
- Но, иако на почетокот овој договор се чинеше дека ја спречува нелегалната миграција, во реалноста, миграцијата по Западно – Балканската рута никогаш не запре. Бројките на нелегална миграција варираат тековно, но може да се рече дека десетици илјади сè уште поминуваат низ регионот годишно, бегајќи од војната и сиромаштијата во Азија, Средниот Исток и Северна Африка.

Како одговор на потребата од проверка или пред-скрининг, регистрација и идентификација на големиот број на пристигнати мигранти и бегалци, а со цел спречување на нивна виктимизација и можни злоупотреби, како и со цел добивање на соодветен третман, уште во 2015 година, за прв пат, Европската комисија го воспостави пристапот на хот спот центри – "Hot Spot approach", како дел од „Европската агенда за миграција". Целта на овој пристап беше воведување на сеопфатна стратегија за управување со миграцијата во позадина на тековната миграциска и бегалска криза, а процедурите за идентификација беа предвидени да дадат решение и за шверцот со луѓе и трговијата со луѓе. Комисијата во оваа насока истакна дека хот спот центрите, преку пристапот на проверка, реги-

[17] From Reception to Recognition: Identifying and Protecting Human Trafficking Victims in Mixed Migration Flows A Focus on First Identification and Reception Facilities for Refugees and Migrants in the OSCE Region, 2017 pg. 19, available at: https://www.osce.org/files/f/documents/b/e/367061.pdf

[18] EU-Turkey Statement & Action plan, European Parliament, https://www.europarl.europa.eu/legislative-train/carriage/eu-turkey-statement-action-plan/report?sid=6001

страција и идентификација на нерегуларните мигранти кои стигнуваат до ЕУ од нејзините надворешни граници, ќе овозможат поефикасно и побрзо канализирање и упатување на нерегуларните мигранти во различните системи за азил и миграција. Така, во зависност од исполнувањето на условите за азил и во зависност од оптовареноста на една држава со наплив на нерегуларни мигранти, нерегуланите мигранти можат да бидат насочени кон националниот систем за азил на земјите членки, кон европскиот систем за релокација, врз основа на кои земјите членки ја споделуваат одговорноста на барателите на азил, или пак тие можат да бидат вратени во земјата на потекло или во трета безбедна земја преку т.н. систем за враќање".[19] Врз основа на ваквиот пристап, се воспоставија хот спот центри во Италија и во Грција, како земји најпогодени од нерегуларните миграциски движења.

Преку усвојување на хот спот пристапот, Европската Унија се осигура дека Европската канцеларија за поддршка на процесите на азил (European Asylum Support Office - EASO, сега преименувана во Агенција за азил на ЕУ (European Union Agency for Asylum - EUAA), Фронтекс и Европол, ќе соработуваат со земјите-членки кои се на првата линија на ударот на мигрантскиот бран.[20] Во таа насока, Фронтекс ги поддржува земјите-членки во процесот на проверка, регистрација и идентификација на нерегуларните мигранти, но секако главната одговорност за дактилоскопска идентификација на мигрантите и нивна регистрација на ЕУРОДАК системот останува одговорност на земјите-членки[21]. Мигрантите кои се подобни да достават барање за азил, ќе ги поминат процедурите за азил со помош на Агенцијата за азил, додека останантите кои не ги исполнуваат условите за барање на азил, тие, во координација со Фронтекс, ќе бидат вратени во земјите на потекло или во трети безбедни земји.[22] Во оваа насока, Фронтекс, исто така, собира информации од

[19] Proposal for a REGULATION OF THE EUROPEAN PARLIAMENT AND OF THE COUNCIL on the establishment of 'Eurodac' for the comparison of fingerprints for the effective application of [Regulation (EU) No 604/2013 establishing the criteria and mechanisms for determining the Member State responsible for examining an application for international protection lodged in one of the Member States by a third-country national or a stateless person], for identifying an illegally staying third-country national or stateless person and on requests for the comparison with Eurodac data by Member States' law enforcement authorities and Europol for law enforcement purposes (recast), Brussels, 2016.

[20] Council Decision (EU) 2015/1523 of 14 September 2015 establishing provisional measures in the area of international protection for the benefit of Italy and of Greece, paragraph 6.

[21] Hotspots at EU external borders State of play, Briefing, European parliament, 2018.

[22] EU response to the refugee crisis: the 'hotspot' approach, Special Report, European Court of Auditors, 2017.

мигрантите за рутите и за начинот на работа на криминалните мрежи, и ги споделува истите со Европол. Европол пак, заедно со Европравда, ги поддржува земјите-членки во истрагите во врска со разбивање на мрежите за шверц и трговија со луѓе како и криумчарење мигранти по море и поврзани кривични дела.

Но, ѝ покрај големите очекувања на овој пристап тој се покажа како ограничувачки, пред се' затоа што го стави фокусот повеќе на превенција на нерегуларната миграција отколку на реално справување со миграциските движења и решавање на проблемите. Така, преку воспоставување на брзи процедури за разгледување на подобноста за азил на нерегуларните мигранти, системот не води сметка за сложеноста на процедурите за азил и за потребите на барателите за азил, така што им ги ограничува правата на меѓународна заштита на барателите на азил. Освен тоа, тргнувајќи од фактот дека хот спот центрите се првите и најадекватните места за препознавање на ранливоста преку идентификација и регистрација на баратели на азил и мигранти како и преку вршење на интервјуа за проверка, сепак овој пристап не предвиде конкретни мерки и процедури за упатување на заштита на жртвите од трговија со луѓе.[23] Проблемите и тешкотиите кои произлегуваат од пристапот се различни и неизбежни, а некои од нив директно се рефлектираат врз Македонија како транзитна земја.

Петте хот спот центри кои беа поставени на островите во Грција блиску до поморската граница со Турција (Лезбос, Самос, Хиос, Лерос и Кос) имаат капацитет од 7.450 места[24] и тој постојано се надминува, за до крајот на октомври 2016 година бројот на лица сместени во центрите да изнесува повеќе од 15.000[25].

Имплементацијата на хот спот центрите во Грција во пракса испадна многу поконфузна и понапната одошто во Италија. Ова е резултат на споменатиот договор меѓу ЕУ и Турција кој донесе големи промени во административните процедури во центрите и огромен притисок врз националниот систем за азил во целина. Недостатоците и предизвиците во грчкиот систем за азил секако беа

[23] From Reception to Recognition: Identifying and Protecting Human Trafficking Victims in Mixed Migration Flows A Focus on First Identification and Reception Facilities for Refugees and Migrants in the OSCE Region, 2017 pg. 22, available at: https://www.osce.org/files/f/documents/b/e/367061.pdf

[24] European Commission, 'Third Report on the progress made in the implementation of the EU-Turkey Statement', Brussels 28.09.2016, COM (2016) 634 final, p. 6, available at: ec.europa.-eu/transparency/ regdoc/rep/1/2016/ EN/1-2016-634-EN-F1-1.PDF

[25] Види повеќе во: www.ekathimerini.com/213464/article/ekathimerini/news/migrants-infive-aegean- hot-spots-rise-above-15000-mark

многубројни, што во комбинација со тензичната безбедносна ситуација во хот спот центрите и правната несигурност во врска со одредени практики, доведе до значителна конфузија и недоволна информација на сите нивоа, почнувајќи од властите и организациите кои обезбедуваат услуги за бегалците кои влегуваат во центрите па натаму.[26]

Непосредно по склучувањето на договорот помеѓу ЕУ и Турција, особено во првите два месеци, дојде до намалување на бројот на мигрнти и бегалци кои пристигнуваа во Грција, но веќе од септември 2016 тој повторно се зголеми. Новонаметнатите правила и контроли согласно договорот, од една страна, ги принуди мигрантите и бегалците да користат поопасни рути како што е централно-медитеранската рута, која се смета за најопасна мигрантска рута со фатални исходи, додека од друга страна, ги принуди да останат заробени во Турција, односно во земја каде не добиваат без ефикасна и соодветна заштита.[27] Ова се сметаше како една од негативните страни на договорот кој го зголеми ризикот од виктимизација на мигрантите. Освен тоа, договорот проследен со хот спот пристапот на Европската Унија, ги претвори на некој начин отворените прифатни центри во затворени установи и центри за детенција, каде што мигрантите и барателите на азил беа задржувани подолго време во несоодветни сместувачки капацитети и притоа прекршувајќи ги нивните основни човекови права. И како последно, бројот на заглавени луѓе без заштита во Грција се зголеми, а се отежна и процедурата за пристап до меѓународна заштита затоа што претрпе значителни измени. Последното имаше последици врз пристапот до правото на азил, во однос на приемот, но резултираше и со негативен психосоцијален ефект врз мигрантите и бегалците, што значително го зголеми ризикот од потенцијална виктимизација и посегање по организирани мрежи за транзит. Во таа насока, во својот специјален извештај за хот спот центрите за 2017 година, Европскиот суд на ревизори (European Court of Auditors - ECA), наведува дека пред усвојувањето на договорот, мигрантите кои пристигнувале на грчките острови, биле префрлувани на копно по завршување на проверката, регистрацијата и идентификацијата во хот спот центрите; но, Судот во продолжение наведува дека, ситуацијата се менува со усвојувањето на европско-турскиот договор, при што по завршување на процедурите за регистрација на

[26] Papadopoulou, A., The implementation of the hotspots in Italy and Greece, A study, Dutch Council for Refugees, 2016, pg.34.

[27] Trapped in Greece , One year after the EU-Turkey agreement, Spanish Refugee Aid Commission, Madrid, 2017, pg. 9.

мигрантите и барателите на азил, дека транзитниот период во кој се вршело префрлување на истите на копно се прологнирал од неколку дена до неколку месеци односно до донесување на одлука, при што се наметнал проблемот со пренаселеност и преполност во сместувачките капацитети, лоши егзистенцијални услови и небезбедност во транзитните кампови.[28] Исто така, Амнести Интернашнал (Amnesty International)[29] објави дека како резултат од договорот, многу нерегулани мигранти кои не се сиријци, а кои доаѓаат од други земји различни од Сирија, дека Европската Унија однапред ги третира како „економски мигранти“ наместо „бегалци“, и дека на истите не им било овозможено да достават барање за зил и дека тие биле вратени во Турција. Така што, и тие мигранти може да вклучуваат неоткриени жртви на трговија со луѓе, како на пример од Нигерија.[30]

Ваквите „решенија“ кои ја подгореа виктимизацијата и инволвираноста на мигрантите и бегалците во организирани криминални групи со цел нивно шверцување и побрз транзит, директно се одрази и врз Македонија, која како соседна земја на Грција и држава каде минува најповолната рута за транзитирање (Коридорот 10) ги презеде проблемите кои веќе се покренаа.

4. Како Република Македонија одговори на предизвикот

Иако факторите на ризик за виктимизација на мигрантите и нивно вклучување во синџирите на трговија со луѓе се присутни од моментот кога тие ќе го напуштат домот, сепак, конкретно за виктимизацијата да се случи во Македонија, одредени настани и одредени временски периоди се важни. Во текот на овие периоди, големи групи мигранти се најдоа заглавени во безизлезна ситуација, а со тоа и ризикот од можна виктимизација и посегање по шверцери вртоглаво се зголеми. Од почетокот на мигрантската

[28] Special report no 06/2017: EU response to the refugee crisis: the ‘hotspot’ approach, EUROPEAN COURT OF AUDITORS, 2017, available at https://www.eca.europa.eu/Lists/ECADocuments/SR17_6/ SR_MIGRATION_HOTSPOTS_EN.pdf

[29] Amnesty International, Report 2017/18 The State of the World’s Human Rights, 2018, available at-https://www.amnesty.org.uk/files/2018-02/annualreport2017.pdf

[30] Scherrer, A., Victims of trafficking in hotspots, briefing, European Parliament, 2019, available at:https://www.europarl.europa.eu/RegData/etudes/BRIE/2019/631734/EPRS_BRI(2019)631734_EN.pdf

криза до денес, значајни временски периоди кои беа особено погодни за понатамошна виктимизација на мигрантите се:

1. Селективна политика при прием на мигранти со потекло од одредена земја;[31]
2. Понатамошно ограничување на споменатата селективна политика;[32]
3. Затворање на балканската рута;[33]
4. Затворање на границите како дел од мерките за спречување на ширење на пандемијата COVID 19[34].

Иако миграцијата е често доброволна, таа сепак ја зголемува ранливоста на поединците и води до злоупотреба на правата, експлоатација, насилство итн. заглавени во него. Шансите редовно да стигнат до посакуваната дестинација се намалуваат со текот на настаните, па единствената опција на која неминовно прибегнуваат е илегалниот транзит и миграцијата. Оние кои немаат доволно средства да го платат патувањето на шверцерите, честопати се принудени да бараат работа во земјата во која се заглавени (како кај нас –

[31] Во текот на ноември 2015 година, Словенија започна дискриминаторска селекција за прием на бегалци врз основа на нивната земја на потекло. Оваа практика како верижна реакција се одрази на сите гранични премини на балканската рута. Како последица на тоа, преку Република Македонија се пропуштаа само бегалци од Сирија, Авганистан и Ирак, а не се пропуштаа бегалци со документи од други земји.

[32] Почеток на 2016 – границата беше затворена за лица од Авганистан.

[33] На почетокот на март 2016 година, промената во политиките на ЕУ наметна и затворање на границите долж балканската рута. Затворањето на границата долж балканската рута значеше дека голем број жени со деца и деца без придружба се заглавени во државите долж рутата. На денот на затворањето на границите, на територијата на Македонија во прифатно-транзитните центри и во нивна непосредна близина имало вкупно 1.024 бегалци. Речиси сите од нив биле изложени на висок ризик да станат жртви на криумчарење мигранти, а многу од нив имале повеќе фактори на ризик да станат жртви на трговија со луѓе.

[34] Во март 2020 година, претседателот на Република Северна Македонија прогласи вонредна состојба за борба против појавата на Ковид-19. Во исто време Владата ги заостри мерките за борба против коронавирусот со одлука за целосно затворање на сите граници, вклучително и аеродромот во Скопје. Со одлука на Владата се затворени сите гранични премини во земјава за странски државјани, како и скопскиот аеродром. Исклучок од одлуката беа камиони во транзит, претставници на дипломатскиот кор и други лица за кои МВР ќе даде одобрение. Аеродромските услуги можеа да се користат само за државни, воени, карго, хуманитарни потреби, како и за празни летови. Во овој период од јануари до септември во Македонија нелегално влегуваат 24.153 лица, од кои само 6568 до приближување на границите, а 2700 жртви на шверц биле спречени од полицијата. Најголем дел од бегалците/мигрантите во овој момент влегле во земјата со помош на шверцери и платиле приближно 600 евра за транзит низ земјата.

најмногу преку онлајн додавања), што отвора можност за нивна трудова експлоатација. од сезонски работодавци, или тие се принудени да работат за нивните шверцери - во земјата на дестинација или да водат други мигранти или да регрутираат луѓе за нив. Вообичаените механизми и законски и подзаконски решенија не беа доволни за да се даде адекватен одговор на особено специфичен проблем – можната појава на трговија со луѓе меѓу мигрантите и бегалците за време на кризата и секако очигледниот шверц на мигранти. Постојното законодавство го забранува ваквото поведение и претходно и поставува соодветни темели за борба против овие сериозни криминалитети, но се отвори потребата за усогласување, допрецизирање на нормите и зајакнување на оперативноста, како на пример преку носењето на Национална стратегија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција во Република Македонија 2017-2020[35] и новата Национална стратегија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција во Република Северна Македонија 2021-2025[36]. Стандардните оперативни процедури за постапување со жртви на трговија со луѓе, донесени од Владата на Македонија во 2010 година[37] беа надополнети со носењето на Стандардните оперативни процедури за постапување со непридржувани деца – странци[38] во 2015 година и Стандардни оперативни процедури за постапување со ранливи категории лица странци[39] каде влегоа Индикаторите за идентификација на жртви на трговија со луѓе од 2014 година кои потоа прераснаа во Индикатори за идентификување на претпоставени и потенцијални жртви на трговија со луѓе во случаи на мешани миграциски движења[40].

Во 2018 се склучи Меморандумот за соработка меѓу Министерството за труд и социјална политика и Министерството за внатрешни работи со кој се формираа 5 мобилни тимови за идентификација на ранливи категории, вклучително и жртви на трговија со луѓе (во Битола, Гевгелија, Куманово, Скопје и Тетово). Во

[35] Види повеќе на: http://nacionalnakomisija.gov.mk/wp-content/uploads/2019/12/IOM_Nacionalna- strategija_WEB.pdf

[36] Види повеќе на: http://nacionalnakomisija.gov.mk/wp-content/uploads/2021/10/NACIONALNA- STRATEGIJA-MKD-ALB-ANG-25.10.2021.pdf

37 Види повеќе на: https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/operativni.pdf

